**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од продолжението на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија ,**

**одржана на 23 мај 2000 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1 со почеток во 12,05 часот.

На седницата претседаваше г-динот Илјаз Халими, потпретседател на Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со работа по Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Михајло Ѓеоргиевски, Љупчо Ристевски, Крале Спанчевски, Васил Манчев, Валентина Божиновска, Радомир Карангелески, Хисни Шакири, Алириза Лога, Насер Зибери и Драган Митевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 62 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката еден.

Бидејќи нема претставник на Владата предлагам Предлогот за донесување на Закон за определување на имиња на улици, патишта, мостови и други инфраструктурни објекти, со предлогот на законот точката да се одложи.

Минуваме на точката два - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има г-динот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Г-дине потпретседателе, јас го притиснав копчето за присутни, но не се евидентира.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Процедурално за збор се јави г-динот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги, јас сакам да интервенирам можеби до мене не стигна таа информација, дневниот ред кој денеска ни е доставен за работа и активности во Собранието, како прва точка ни е Предлог за донесување на Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, со Предлог ш закон, меѓутоа вие поради тоа што нема претставник на предлагачот ја одложивте точката, но дали останува точката на дневен ред или не останува.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Точката останува на дневен ред само се одлага додека да дој; претставник на Владата.

Молам дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине потпретседателе, господа пратеници добро е што Владата се сетила да излезе со Предлог за изменување и дополнување на Законот за живеалишта и престојувалишта, што практичната примена на досегашниот Закон наидуваше на негативно толкување од страна на органите на државната управа, така што постојната формулација која беше во смислена, имено се бараше граѓанинот кој сакаше да пријави живеалиште да има односно да посетува стан, куќа и т.н., значи да поседува сопственост.

Вториот сегмент, да поседува или да има договор за користење на стан или друга просторија за живеење, значи втората алтернатива за мене од необјасниви причини наидуваше на рестриктивно толкување од страна на органите кои треба да го применуваат законот, така што многу граѓани чекаат со денови и со илјада документи, а не можат да дојдат до една многу едноставна работа пријавување на

живеалиште. Особено лицата кои претходно работеа во бившите ЈУ Републики, на кои им се бараше одјавување на тој стан каде тие претходно живееле, иако очигледно таму или се војуваше или пак и сега моментално има такви политички околности, што е тешко граѓаните да дојдат до тие документи што ги бара нашата администрација.

Така што, со ова што се предлага некако се амортизира тоа меѓутоа се предлага уште еден нов апсурд, а тоа е членот 3 од Предлогот кој предвидува лицата кои имаат живеалиште надвор од државата, било да се работи за лица кои се привремено вработени во странство треба секогаш со нивните семејства да се пријавуваат во рок кој е многу краток, а ако не се стори тоа фактички ќе се избришат од евиденцијата за пријавување на живеалиште. Тоа може да не доведе до своевиден апсурд, посебно што многу лица нема да го уживаат правото на глас за време на изборите, од причина што органот само поради едноставната причина што тие кога се вратија од надвор, не се пријавиле пред органот и за нив и за семејствата ќе се избришат од евиденцијата на живеалиште.

Затоа ние неколкумина предлагаме амандман за бришеше на членот 3 кој се однесува на предлогот на Владата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Мерсел Биљали.

Молам дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник од кои 56 за, 3 воздржани и 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеника, од кои 66 за, 2 воздржани и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Се извинувам, за збор се јави г-динот пратеник Јонуз Абдулау.

**ЈОНУЗ АБДУЛАУ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата.

Учествувајќи во денешната дискусија сакам да напоменам дека по овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиште на граѓаните имам конкретни забелешки, бидејќи и во стариот Закон, кој се уште е на снага имаме определени недостатоци или пречки за граѓаните на Република Македонија кои времено престојуваат во странство. Тие имаат проблеми со своето пријавување на живеалиштето, но воедно имаат проблеми и за лична карта од причина што граѓаните не се спремни во определен временски период да си се снабдат со лична карта, што и според Законот е основно право на секој граѓанин.

Од тие причини конкретно моите забелешки се: Досега граѓаните кои работат времено во странство според стариот Закон од 1992 година, член 2 каде стои "живеалиштето е место во кое граѓанинот се населил со намера во него постојано да живее и во кое има обезбедено стан за живеење".

Овој член го оспорува правото на граѓанинот од Република Македонија кој времено работи во странство да му се издаде лична карта. Знаете, со не поседување на лична карта секој граѓанин му се оспоруваат и му се ускратуваат правата, да тој си ги оствари своите барања и потреби во нормалниот живот кога се враќа во своето родно место.

Од тие причини нашите граѓани кои времено работат во странство им се ускратува тоа право и не се рамноправни, нај класичен пример ќе земам, нашиот граѓанин кој се враќа од странство за увоз на моторно возило или за купопродажен договор му се земаат средствата било на царина или во Министерството за финансии, во имотно - правниот сектор, но финалниот дел, кога треба да склучи договор тој не е во можност да го изведе.

Од тие причини бараме овие промени, нормално го прифаќаме Предлогот

на законот но со одредени промени, каде што со амандманска расправа ќе учествуваме, бидејќи имаме амандман за подобрување на текстот на Предлогот на законот за живеалиште и престојувалиште на граѓаните.

Конкретно кои се проблемите со кои нашите граѓани денеска се соочуваат. Јас ќе ви кажам два примера. Пример за издавање на нова лична карта каде што, според важечкиот Закон од 1995 година член 4 потребно е барање за издавање на лична карта, кое се поднесува во Министерството за внатрешни работи, според подрачјето на кое граѓанинот има живеалиште. Барањето за лична карта се поднесува на пропишан образец и со барањето, според став 2 од овој член граѓанинот поднесува две фотографии, под исклучок граѓаните родени во странство поднесуваат и извод од матичната книга на родените. Што се случува се уште, за жал во нашите служби при одделенијата на Министерството за внатрешни работи?

Се бара потребни документи за лична карта и тоа седум документи, нов извод на родени не постар од 6 месеци, две слики, државјанство, сто денари, лично присуство на граѓанинот, лична карта за татко или мајка, еден од родителите, значи ако се работи за нова лична карта и потврда од школото ако е редовен ученик или фотокопие од свидетелство.

Сите овие податоци сметам дека се за посебен коментар, бидејќи во истото Министерството, истото одделение се бара и извод на родени, а и државјанство, бидејќи истиот орган го дава и едниот и другиот документ и третиот документ т.е. личната карта.

На крај би сакал да дадам свој придонес во Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето, каде што и сегашниот, но и овие промени што се предлагаат на граѓаните, не им го олеснуваме начинот како да дојдат до овие документи, како што е пријавување на живеалиштето.

Исто така уште еден пример и кои ќе бидат проблемите за сите граѓани кои сакаат да пријавуваат живеалиште, а кои според Предлогот на новите предлог измени на Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиште ќе дојдат во една многу посложена и потешка ситуација, бидејќи новиот Предлог по службена должност граѓанинот кој времено престојува во странство повеќе од три месеци го губи својот статус на граѓанин со живеалиште во одредено место во РМ.

Тој граѓанин на кој денеска му се потребни овие документи да пријавува живеалиште меѓу другото се бара: молба со 250 денари таксена марка, нов извод на родени, државјанство како посебен документ, поседовен лист за куќа.

Значи граѓанинот треба да поднесе поседовен лист за куќа ако ја поседува.

Петти документ одјава од место на доаѓање.

Шестти документ фотокопие на лична карта или пасош заверени на Нотар.

Седми документ фотокопија од лична карта од сопругата и осми документ лично присуство на странката што е неопходно, намерно реков дека тој треба да биде поднесувач на сите овие документи.

Со еден збор, ова е стара досегашна пракса која на жалост и од промените се применува во одделенијата на Министерството за внатрешни работи, но со промените на овој Закон сметам дека ќе треба да престанат овие оптоварувања на нашите граѓани. Кажувам граѓани, затоа што мислам без разлика на тоа од каде се или национална или верска припадност од каде што доаѓаат, туку граѓанинот да не го оптоваруваме со овие давачки, со ова документација за нај нормалното пријавување или одјавување на место на живеалиште и престојување, туку за издавање на нова лична карта како документ без кој секој граѓанин не може да ги остварува своите елементарни потреби.

Од тие причини сметам дека меѓу колегите пратеници ќе најдат разбирање новите амандмани што ќе бидат предложени со една единствена цел, овој Предлог на закон што е за поздравување да биде што поквалитетно дополнет и подготвен и на граѓаните да им се олеснат маките што ги имаат по шалтерите, а воедно тие да ги остварат своите права во секојдневниот живот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Јонуз Абдулау.

За збор се јави г-динот пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Почитуван потпретседателе дами и господа пратеници и министри.

Со цел да придонесам колку - колку да разјасниме некои работи, затоа што Законот за престојувалишта, Законот за лични карти и други моменти, кои што и

претходниот дискутант овде ги спомна и многу детално и со нормативниот дел, мислам дека и досега задавале такви проблеми во практиката пред шалтерите на Министерството за внатрешни работи, кои што веројатно, не случајно било потребно. Неколку пати во вид на пратенички прашања и овде беа изнесени се со цел во некоја смисла да се упрости таа процедура и на сите тие на кои што им следува некои права од овој аспект, од аспектот на земање на лична карта и т.н., да нема пречки.

Затоа, јас сакам со мојата дискусија да се надоврзам на тоа што претходниот колега го рече и кој што детално ги образложи правните и нормативните аспекти од тоа што значи од процедурален аспект цел овој предмет што ни е денеска во овој закон изложен. Затоа што, мислам дека досегашната пракса, навистина зададе многу проблеми и на граѓаните, а посебно во мојата изборна единица и во целост во Струга, каде што на еден чуден начин, можеби не секаде, но во Струга повторувам, се практикуваше сите наши граѓани кои што привремено престојуваат во странство немаат можност според тој закон спомнат од 1992 година, да земат лична карта, а по тој основ биле ускратени и во многу други права, а нај елементарното е тоа што тие немале можност, даречеме и да се венчаат во Република Македонија, поради тоа што тие службеници што тоа го правеле барале задолжително да имаат со себе и лична карта. Тоа било објаснето и направено неколку пати проблематично во тие средини, но за жал уште до ден денес тој проблем не е разрешен. Па така, мислам дека овој закон ако веќе придонесува да се скине оваа заврзлама, таа правна заврзлама да се скине од дневниот ред и сите тие граѓани што привремено ги повикуваме што работат во странство, да си го обезбедат основното право, да си носат лична карта во својот дом каде што си имаат своја фамилија, каде што си го имаат својот имот и се, што по закон им следува.

Значи, ако овој закон придонесува да се расчистат некои дилеми во оваа смисла, јас би го поддржал. Но, според тоа што е дадено во самиот закон, мислам дека малку остава надеж овој проблем со овој закон и со овие три -четири члена што се дадени тука, дека ќе бидат разрешени. Така, мислам дека ако веќе тоа не било можно досега да се направи со законот, ќе ги поддржам сите тие амандмани кои што ќе бидат во правец, оваа проблематика навистина да ја насочуваат во тој правец, такви проблеми веќе граѓаните кои што досега имале, веќе да ги немаат.

Затоа што и тоа што досега се правело, има информации дека некои граѓани што биле малку пре упорни или другите кои што се жалеле на некоја второстепена комисија, не знам дали била министерска или меѓу министерска комисија, тие добиле право да се обезбедат со лични карти и после тоа првостепениот орган, им го признал таквото право.

Значи, е во прашање една не дообјаснета работа, една арбитража на ниво на еден службеник таму кој што е надлежен за тоа и веројатно кои што се повикувале на некој закон од 1992 година. Ако, значи денеска успееме со амандманска расправа да обезбедиме и овие граѓани, сите се здобијат со лична карта и да не висат пред шалтерите и да не се жалат ваму -таму, па да се побара да се интервенира и од пратениците за едно елементарно граѓанско право, јас мислам дека ќе направиме добра работа. А, ако со овој закон направиме тоа уште повеќе да ги комплицираме работите, така што овие граѓани да не бидат во можност пак да си го остваруваат нивното право, мислам дека ќе направиме уште полошо.

Затоа, јас ќе ги поддржам сите тие амандмани, уште еднаш ќе нагласам што одат во прилог на разјаснуваше, на објаснување и на добивање можност сите граѓани кои се граѓани на Република Македонија, врз таа законска рамка, која што колегата пред малку ја спомна, тие документи што се извадени да не дојдат во состојба да бидат одбиени од едно такво елементарно барање. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Азис Положани.

За збор се јави г-динот пратеник Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Од искуството што го имаме во овие десет години во државата каде и ден денеска не се знае бројот на македонските државјани, кога стана без државјанство, Република Македонија во времето се гордееше дека имаме голем број на македонски државјани кои работат во ЈУ - Републиките или сегашните држави. Но, многумина од нив останаа без државјанство. Како останаа без државјанство се знаат

причините дека на шалтерите ќе дојдат до една потврда и никако да ја извадат таа потврда или пак некој друг документ. Сега, имаме Закон за пријавување на живеалиште и престојувалиште, каде се знае дека голем број на граѓаните работат надвор од државата. А, ние наместо да им помогнеме, ние уште ги спречуваме во нивното обавување или спречување во понатамошното работење.

Јас сум против носење на ваков Предлог закон, бидејќи овој Предлог закон на многу граѓани кои работат надвор од државата, ќе им биде голема пречка во нивното понатамошно работење. Ние имаме граѓани кои уште не се регистрирани. Тоа ќе го земам како еден пример во Гостивар, каде граѓани не се регистрирале во матичната книга на родени и за среќа или несреќа кога отишол кај матичарот да склопат брак, поради тоа што не е регистриран во матичната книга на родените, тие го разведуваат или по не склопениот брак се разделуваат, бидејќи по нивното измачување околу 3-4, месеци за да се регистрираат, не успеваат и така се раскинува тој брак.

Затоа, ние треба да донесеме некој закон за да им помогнеме на граѓаните, а не да им одмогнеме. На пример, членот 3 овде во овој закон е многу рестриктивен и ги тера граѓаните на размислување дали да престанат со понатамошното работење надвор од државата или воопшто да не идат во државата. Тој останува таму каде што е на привремена работа или со постојана работа.

Уште еднаш кажувам дека ќе бидам против ваков предлог на закон. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Мухамед Таири.

За збор се јави г-динот пратеник Амди Бајрам.

**АМБДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Претходните говорници, колеги пратеници потполно ги поддржувам околу нивното излагање и не би сакал да образложувам околу нивното излагање, истото да го повторувам, но е штета за Република Македонија и со тоа се внесува, ќе ви кажам зошто не на говорницата, мислам околу законот за амандманите сум да се прифатат. Мислам на тие амандмани што ќе бидат поднесени, затоа што на локални избори, на парламентарни избори, на претседателски избори тие граѓани кои се наоѓаат времено вработени во странство, одземено им е правото на глас. Мислам дека тоа не е правилно и би требало овие амандмани да ги прифатиме со право на добивање на лична карта и со право на државјанство. Тој граѓанин има право на глас да гласа во Република Македонија.

Значи, ние уставното право на Република Македонија, фактички го имаме спрема тие граѓани, злоупотребено. Со тоа, мислам дека на секој граѓанин од Република Македонија, кој се наоѓа времено вработен во странство, му е одземено правото на таков начин да гласа. Значи, нема право на глас за избори или за нешто друго, па може би сака да си го даде својот глас, без разлика дали за опозиција, дали за сегашната власт или за нешто друго, тоа е негово лично право.

Мислам дека, тоа е голема работа и е направена грешка, што не би требало тоа така да стои. Со тоа е направена една уставна грешка во Уставот на Република Македонија

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Амди Бајрам.

За збор се јави г-динот пратеник Гештаковски Александар.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, ние имаме закон за измена на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето, што е многу битна и важна категорија за секој граѓанин и за државата, бидејќи граѓанинот и државата треба да ги користат своите права и обврски.

Тоа значи, секој на секој граѓанин е уставно и законско право да си го пријави своето живеалиште или престојувалиште. Како би можеле да ги извршуваат обврските према државата и да ги користат правата.

Во Република Македонија во досегашното делување во секој случај граѓаните својата граѓанска должност не ја извршуваат благовремено и законски. Со тоа што, со една леснотија се прифаќа променувањето на живеалиштето и престојувалиштето и затоа во таа смисла законодавецот се обидува со законски основ да ги принуди граѓаните да го пријавуваат своето живеалиште и престојувалиште.

Затоа, во таа смисла сметам дека овој закон треба да се поддржи, но одредени дискусии кои се поврзуваат со државјанството и избегнување на одредени

амандмани, избегнување на институтите живеалишта и престојувалишта, мислам дека не доведуваат до граѓанската должност и јакнење на функциите на државата и обврските на граѓаните. Во секоја смисла треба да се поддржуваат и рестриктивните мерки, но во секој случај да се делува и на граѓаните, граѓанска обврска е секој граѓанин, доколку го промени своето живеалиште во одреден рок да се пријави. Врз основа на тоа се издаваат личните документи. Инаку, граѓанинот не ќе е достапен на државата и ќе ги избегнува обврските.

Исто така, специфично е одредени амандмани кои се предлагаат, во овој општ претрес сакам да укажам во однос на престојувалиштето, бидејќи престојувалиште е место во кое граѓанинот привремено престојува надвор од општината во која се наоѓа неговото живеалиште. Тој е должен да го пријави тоа престојувалиште, граѓанска должност му е и понатаму државата да може да ги извршува своите обврски. Дали ќе оди во странство, дали ќе оди во друг град, тој е должен да се пријави.

Исто така, законодавецот предвидува кога ќе се врати од своето престојувалиште, во законот е речено на три месеци, исто така тој треба да го пријави, за да ги остварува државата своите функции и граѓанинот нема да има никакви пречки во остварување на своите права. Дали роковите од три дена се реални или не, за тоа би можеле да разговараме. Но, одредени амандмани, избегнување од основите за докажување на живеалиштето и престојувалиштето, мислам дека ќе доведоа до поголем хаос и неред и на не извршување на функциите на државата, а и граѓаните не ќе можат да ги остваруваат своите права, бидејќи ќе немаат место на живеалиште, постојана адреса и престојувалиште.

Затоа, би апелирал и до граѓаните и до Парламентот до таа смисла да одат нашите дискусии и амандмани. А граѓаните, за да ги извршуваат своите граѓански должности, би требало согласно со овој закон да се однесуваат и да ја пријавуваат својата промена на живеалиште или престојувалиште.

Инаку, би го поддржал овој закон во оној дел во кој е предложено од самиот предлагач. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Гештаковски Александар.

Дали некој друг се јавува за збор?

Збор има г-динот пратеник Котевски Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Овој закон сметам дека доаѓа во право време, измените и дополнувањата на овој закон. Ние, во Комисијата за внатрешна политика и одбрана проценивме дека навистина овој закон треба да се донесе на оваа седница.

Меѓутоа, сакам да укажам на некои суштински работи, за кои претходно зборуваше и пратеникот Гештаковски. Не само граѓаните на Република Македонија што имаат должности кон државата, туку имаат и некои права кои треба да ги остваруваат. А, ние знаеме дека како Македонија имаме голем дел на привремено вработени во странство, имаме голем дел на луѓе кои се и трајно, да речам иселени во странство и со двојно државјанство, тоа го дозволува и меѓународното јавно право, па според тоа оваа материја е многу битно во етапи и ако сакате во дел од практиката како што ќе произлегуваат проблемите и пречките, така и да се остварува. Овој потег што го прави оваа Влада со измени и дополнување на пријавувањето на живеалиштето и престојувалиштето е многу битен. Меѓутоа, ние на Комисијата истакнавме дека не е само доволно да се донесе законот, многу е битно дали тој ќе најде практична примена во животот. Но, за таа цел сите граѓани на Република Македонија треба да бидат добро известени за што всушност станува збор.

И, токму заради тоа инсистиравме ресорното министерство кога ќе ги предлага измените на овој закон, да направи еден напор или било каква друга маркетиншка програма на македонската радио - телевизија, на македонското радио и т.н., за да можат граѓаните целосно да бидат информирани за што всушност станува збор и на кој начин и во кој рок да го пријавуваат местото на живеалиштето, промената, враќањето и т.н. Тоа е од многу битен интерес, особено во оние периоди кога настанува туристичката сезона, но исто така, кога настануваат и изборите во Република Македонија. Затоа што, има луѓе, не само што се заинтересирани, туку им е од битна важност своето граѓанско право, уставно право на глас, да го оствари во својата матична држава. Токму заради тоа

ќе се воспостави еден поголем ред. Јас само за една илустрација, сакам да кажам зошто е битно пријавувањето на живеалиштето и престојувалиштето. Ние, во поранешните изборни години се соочувавме со една страшна работа во државата.

Имено, уште од 1945 и 1950 година имаше целосно иселени села во Турција од поранешна Југославија, но се уште стојат во избирачките списоци како населени места и како избирачи. Замислете, нема ниту еден човек, нема ни помали во селото, а има илјада или 2 илјади гласачи во дотичното место во таа изборна единица.

Значи, за да се избегнат сите вакви неправилности во иднина, да се воспостави што поголем ред и дисциплина во оваа сфера, мислам дека овој закон треба да се подржи.

Па, токму заради тоа и она што го зборуваше Гештаковски, го потврдувам, и го оправдувам. Државата некогаш мора и со принуда граѓанинот да го натера да оствари некое право, заради тоа што секоја држава треба да знае каде се движат нејзините граѓани, каде е нивното живеалиште, нивното престојувалиште и дури ако сакате, еве земете ја и светската и европската практика, во одредени кризна подрачја, во одредени кризни региони, каде што е загрозен било кој жител од било кој ранг зборувам, дали е тоа привремено вработен, дипломатски претставник и т.н., матичната држава води своја сметка и знае колку граѓани има на тоа место.

Затоа велам, овде со овој закон мислам дека треба да се подобрат овие состојби и во иднина, се надевам дека како ќе се појавуваат проблемите, така и треба многу по ригорозно, по благовремено да дејствува Министерството за внатрешни работи и во тој правец сите други закони, кои што кореспондираат со овој закон, треба да бидат компатибилни или треба да се совпаѓаат и да се носат паралелно со такви измени, кои ќе бидат во прилог на државата. Ако, вие знаете дека ние сакаме во Европа, сакаме во други земји, нас ќе ни одржуваат некои други Европски конвенции, нови договори, нови права и т.н., влез, излез, визи и т.н., па според тоа мораме и така да се однесуваме. И во од да ги решаваме работите.

Еве, јас како известувач на Комисијата за внатрешна политика и одбрана сакав само тоа да кажам и ќе го поддржам изменувањето и дополнувањето на овој закон и ќе гласам за него. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Котевски Ѓорѓи.

Дали некој друг се јавува за збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани за додавање нов член 2-а, по член 2 и за бришење на член 3, по кој Владата не се произнела.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Пратениците Замир Дика, Биљал Љутвии и Алириза Лога поднесоа амандмани за бришење на член 3, по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Фатмир Етеми поднесе амандман за менување на член 1, по кој Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Фатмир Етеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот заменик министерот за внатрешни работи г-динот Рефет Елмази.

**РЕФЕТ ЕЛМАЗИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван потпретседателе, би сакал амандманот да го дообјаснам.

Амандманот се предлага од практични причини со цел да се надминат проблемите што ги имаат граѓаните со пријавување на живеалиште, односно голем број на граѓани кои го промениле живеалиштето од град во периферија имаат проблеми со пријавувањето на нивното ново живеалиште, затоа што овие населени места не се урбанизирани. Проблемот со промена на живеалиштето посебно е актуелен на периферијата на Скопје каде што живеат граѓани со 10-тина години во населени места, не урбанизирани, а местото на живеалиштето им гласи на старите живеалишта во градот. Да бидам поконкретен. Населените места како што е Инџиково, Камник, Керамидница, Долно Оризари дел од Лисиче, Бел Камен и многу

други околни места во Скопје се не урбанизирани. Граѓаните со десетици години живеат во овие места а нивната лична карта им гласи на градот Скопје.

Бидејќи тие немаат можност да го променат нивното живеалиште, затоа што немаат доказ за сопственоста, па затоа предлагам како доказ за сопственост да биде, дека живеат овие луѓе во тие населени места и соодветен документ издаден од месната заедница, да потврди дека тие граѓани живеат и во овие населени места.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Фатмир Етеми.

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас би го поддржал пратеникот Етеми и околу ова би додал, доколку се прифати амандманот на г-динот Етеми, за доказ би требало да се земе адресата, односно доказот за плаќање на вода и струја, белешките што доаѓаат на таа адреса. Ако на едно семејство може да му се наплаќа вода и струја 5, 10 или 15 години, фактички тоа е доказ дека тој живеел на таа адреса.

Го поддржувам амандманот на г-динот Етеми.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, 22 за, 6 воздржани и 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за изменување на член 1, поднесен од пратеникот Фатмир Етеми.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по член 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕФЕТ ЕЛМАЗИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

ЗПК овој амандман го предложи, од причини што во овој амандман е содржано дека членот 2-а се предлага со оглед на тоа што е потребно во овој закон, покрај за случаите предвидени во членот 8 став 1 да се отвори казна за прекршок и за граѓанин кој нема да ги пријави малолетните деца кои патуваат со него.

Од тие причини, при враќањето на граѓанинот или при одењето е должен да ги пријави и малолетните деца.

Од таа гледна точка е поднесен и овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, 28 за, 7 воздржани и 29 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 2-а по член 2, поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3, поднесен од ЗПК и пратениците Замир Дика, Билал Љутвиу и Алириза Лога.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕФЕТ ЕЛМАЗИ:**

Тука имаше некои забелешки дека тоа е противуставно, односно ги задира правата на граѓанинот.

Мислиме дека тука не се задираат овие уставни права.

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Во меѓувреме пратениците Мерсел Биљали и Мевљан Таири поднесоа амандман за бришеше на член 3 и за додавање на член 2-а, по кој Владата не се произнела.

Овие амандмани уште не се поделени.

Предлагам пауза од 10 минути. (По паузата).

Седницата продолжи со работа во 13,40 часот.

Почитувани пратеници, ве молам притиснете на едно од копчињата од системот за гласање, да провериме колку пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека имаме кворум за работа.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а, поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕФЕТ ЕЛМАЗИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Ако може дополнително објаснување зошто не се прифаќа, од причини што се предлага еден амандман кој ќе ја конкретизира примената на законот и нема да дава можност за еднострано толкување на членот 10 став 2 од постојниот закон, од причина што повеќемина, мислам и претходните дискутанти кои веќе се произнесоа околу тие проблеми, повеќе пати од органите се бара документ за одјавување од некое друго живеалиште во некоја друга екс ЈУ - Република.

Практично со ова јас предлагам документ за одјавување од претходното живеалиште да, меѓутоа во рамките на РМ, од причини што нема никаква логика орган да бара документ за одјавување на живеалиштето од граѓаните, кои случајно се на времена работа во странство или во некоја друга екс ЈУ - Република.

Мислам дека се работи за техничко решение кое ќе ја подобрува примената на законот во конкретните случаи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Мерсел Биљали.

Дали претставникот на Владата сака нешто да додаде во врска со овој предложен амандман.

**РЕФЕТ ЕЛМАЗИ:**

Тоа е поврзано со тоа, да речеме кога ќе оди тој се пријавува дека ќе оди во странство. Тоа пријавување ќе биде во местото каде што живее, односно во конзуларното претставништво таму. Истото важи и кога се враќа и тука нема никаква причина во тоа, бидејќи исто така кога ќе се пријави тој си доаѓа, да речеме во државата и се пријавува дека се враќа и го пријавува живеалиштето, односно не го прави тоа на граница, го прави во местото каде што живее.

Значи и во местото каде што живее и на граница, тоа е во Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на претставникот на Владата г-динот Рефет Елмази.

Дали пратеникот Биљали е задоволен од одговорот.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Мислам дека не се разбравме до крајот.

Тука се работи за нешто друго.

Амандманот се предлага во стариот, односно во законот кој веќе е во сила, не е предлогот на Владата, кој ги опфаќа измените и дополнувањата на законот.

Значи во постојниот текст кој е во сила. Тоа е многу важно.

Второ многу е важно, бидејќи граѓаните кои бараат да земаат лични карти а имаат пријавено живеалиште пред војната, пред дисолуцијата на бивша Југославија, сега им се бара документ, одјавување од тие екс Републики. Тоа е прашање, а често пати не се во можност да дојдат до тие документи од политички причини, па и од економски причини. На пример, некој треба да отпатува во Словенија за да земе документ за одјавување на живеалиштето и да се пријави да земе лична карта. Тоа е проблемот. Документот да може да се бара единствено во рамките на територијата на РМ. На пр. ако од еден град, граѓанинот се пријавува во друг град или општина тогаш е се во ред. Меѓутоа да се бараат дополнителни, јас не реков дека е тоа екс законска обврска, меѓутоа е поради лошото толкување, намерно лошото толкување на законот, членот 10 од последниот закон.

Ако се додадат зборовите "на Република Македонија" тогаш се ќе биде во ред и нема да дава можност за поинакво рестриктивно толкување на законот.

Јас мислам дека треба да се прифати.

Можеби заменикот не беше упатен на кој член се однесува.

Сега знае за што се работи и би требало да го прифати.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Мерсел Биљали.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласаа 68 пратеници, 18 за, 7 воздржани и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 2-а поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Мевљан Таири.

Продолжуваме со претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, 61 за, 9 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните.

Минуваме на третата точка - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за ревизијата, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет, дописот на ЗПК и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги, дозволете само накратко да образложам како поднесувач на законот, за што се работи.

Законот за ревизија предвидува одредби со кои министерот за финансии основа комисија, пред која се полага за да се стекнат со звање секој што сака да врши ревизорски, комерцијални и државни ревизорски работи, со звањето овластен ревизор.

Во истиот тој закон кој на два пати е менуван, вклучувајќи го и овој состав на Собранието во постојниот член 31 се прави исклучок од обврската за полагање звање овластен ревизор и се вели дека по исклучок од таа ситуација министерот за финансии звањето овластен ревизор, врз основа на писмено барање и документација може да го признае и на лица кои не полагаат, меѓутоа кои поседуваат докторат по науки во областа на сметководството или ревизијата и кои имаат објавени трудови во областа на теоријата и праксата на сметководството и ревизија и кои имаат најмалку 10 години работно искуство во наставата по овие предмети.

Со законот предлагам да се дополни овој член и да се вгради одредба со која по исклучок од одредбите, како и за претходниот став министерот за финансии ова звање може да го додели врз основа на писмено барање и документација и на лицата кои во моментот на стапување во сина на законот, значи тоа би било еднократно, имаат исто така најмали 10 години работно искуство на работите на ревизијата или контролата.

Дозволете само да појаснам дека постапката на ревизија всушност се состои од увид во книговодствените евиденции и документација на субјектите, предмет на ревизија, издавање мислења за реалноста и објективноста на финансиските резултати и финансиската состојба на денот на составување на билансите од страна на ревизорите.

Меѓутоа, во книговодствените евиденции го вршат обучени ревизори на лице место кај субјектот со непосреден увид на книговодствената евиденција и документација, што претставува во секој случај сложена и сеопфатна постапка за која е потребна соодветно работно искуство и познавање на работите.

Лицата кои ги поминале сите фази на обука и сите фази на непосредна работа на ова поле се во состојба да одговорат на овие барања и предизвици на кои со себе ги носи ревизијата, субјектите кои потекнуваат од разни сектори на стопанството, но и не стопанството. Вештината и искуствата кои во текот на своето работење ги стекнувале лицата кои веќе се бавеле со ревизија и контрола се од таков карактер да во потполност да одговорат на сите по горенаведени барања и предизвици.

Ние во досегашната пракса, единствено во поранешната служба во СОК. подоцна трансформирана како Завод за платен промет, кој и сега стои, продуцираше кадри кои вршеа работа на ревизија и контрола и кои работејќи таму се стекнаа со соодветна вештина и искуство во период подолг од 10 години.

Во поглед на потребното искуство се смета дека лицата кои работеле и кои имаат 10 години работно искуство покрај поминување на сите овие фази ги поминале и фазите на теренската работа на лице место и изготвување на извештаи, што им

дава за право врз основа на исклучокот за оние кои што се занимаваат од научен аспект со сегментите на ревизија и контрола, исто така да бидат по исклучок на законот, еднократно да бидат ослободени. За други не може да има исклучоци, затоа што во нашата држава ревизорските работи ги вршат само лицата во рамките на СОК, односно Заводот за платен промет и кои што со стапувањето на законот, покрај оние кои прв пат ќе се занимаваат со тоа, се разбира дека ги доведовме во нерамноправна позиција, тие веќе имаат долгогодишно работно искуство, над 10 години и исто така беа обучени да вршат работи од областа на ревизијата. Тоа мислам дека нема да внесе никакви проблеми спрема државата. Еднократно ќе го искористат сите тоа право кои досега работеле, кои се стручни лица. Од тие причини сметам дека овој краток и едноставен закон, кој се состои од еден член нема никакви проблеми Собранието да го донесе.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот пратеник Никола Поповски, кој даде дополнителни објаснувања во врска со предложениот закон.

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за ревизијата.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеника, од кои 36 за, 7 воздржани и 30 против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување Закон за ратификација на вториот дополнителен протокол кон Спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување Закон за ратификација на вториот дополнителен протокол кон Спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеника, од кои 68 за, 6 воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника, од кои 70 за, 2 воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот пратеник Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, го користам всушност и правото да се искажам во врска со гласањето по Предлогот за донесување на овој закон и да потсетам дека ние како пратеници од првиот состав, па до денеска, ратификувавме голем број на конвенции или спогодби или договори, кои стануваат составен дел од домашното законодавство и со тоа ја збогатуваме целокупната правна регулатива со која што државата се приближува или го усогласува домашното законодавство со законодавството на земјите, со кои што сакаме да се интегрираме во рамките на Евроатланските структури.

Во врска со самиот предлог на закон, посебно сакам да укажам дека, станува збор за еден закон кој што има уште едно дополнително значење за Република Македонија, со оглед на тоа што се работи за Ратификација на предлог протокол на Спогодбата за формирање на мултинационални сили на Југоисточна Европа. Имено, Спогодбата да формирање на мултинационалните сили е првиот меѓународен правен акт на кој Република Македонија стана депозитар. Со оглед на тоа што веќе ратификувавме еден протокол, ова е втор протокол, со неговата ратификација се зголемува бројот на меѓународните правни акти, на кои што РМ станува депозитар и затоа сметам дека има

потреба да го истакнеме тоа значење на овој протокол и на сите други акти што ќе бидат поврзани со Спогодбата за формирање на мултинационалните сили на Југоисточна Европа, заради тоа што тие акти се проследуваат во сите земји, семејството на независни држави, членки на ООН и секаде стои дека РМ е депозитар на тие акти. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот пратеник Благој Ханџиски.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеника, од кои 69 за, 3 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Ратификација на Вториот дополнителен протокол кон Спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа.

Минуваме на 5-тата точка - Предлог за донесување на Закон за Ратификација на Конвенцијата за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Швајцарската конференција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за Ратификација на Конвенцијата за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Швајцарската Конференција.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеника, од кои 72 за, 2 воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеника, од кои 69 за, 2 воздржани и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збора? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеника, од кои 69 за, 4 воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои Законот за Ратификација на Конвенцијата за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Швајцарската Конференција.

Минуваме на точката 6 - Предлог на Одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар "Велес" - Велес.

Предлогот на Одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеника, од кои 70 за, 3 воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар "Велес" - Велес.

Минуваме на точката 7 - Информација за потребата за склучување на Конвенција за заштита на малцинствата меѓу Република Македонија и Република Албанија.

Информацијата и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

За збор процедурално се јави господинот пратеник Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници, со мала помош или ако сакате дури и со мала злоупотреба на деловничкото право за процедурална интервенција, излегов пред вас и пред македонската јавност да упатам јавен повик на господинот Стојан Андов, да ја повлече од негова страна предложената Информација.

Во поткрепа на овој мој предлог или апел, дозволете ми да дадам неколку објаснувања.

Прво, мислам дека самиот назив на материјалот " Информација", упатува на тоа дека пратеникот Андов има и по квалитет и по квантитет поголеми сознанија, поголеми информации од сите други и наоѓа потребно да не информира и нас за сознанијата со кои тој располага. Очекувам дека пратениците бараат информации, пратениците можат да дадат информации за области и активности за кои тие биле задолжени и извршуваат. Во конкретниот случај областа меѓународни односи, односи со соседите и така натаму е задача на Владата, а Владата преку своето Министерство за надворешни работи ја остварува оваа задача.

Оттука, сметам дека поупатно 6и било кога овој документ би носел назив "Иницијатива за склучување на Конвенција..." и т.н. како што беше таму наведено. Зошто ова да биде иницијатива, а не информација?

Според мое длабоко убедување, со цел да се инволвира и Собранието, таква е иницијативата, пратеникот Андов има право да достави до Владата како негова иницијатива, а не таа да биде иницијатива односно да биде барање на Собранието и на одреден начин мешање во работата на самата власт.

Фактот што ние барем до денеска не добивме писмено известување за ставот на Владата по ова прашање, дополнително го зајакнува ова мое убедување. Да довршам со овој дел.

Со Устав, со закон или со друг пропис, донесен врз основа на закон, одделни органи и организации се задолжени да ги следат состојбите во одредени области и за тоа да даваат информации. Во овој случај подносителот на информацијата не спаѓа во редот на овие што ги наброив.

Второ, треба да се има предвид дека во претходната расправа по оваа информација најмалку две пратенички групи од овој собраниски состав имаат изразито негативен став према оваа информација. И за жал засега тие се на национална основа засновани, што е лошо. Јас не сакам да се занимавам, да предвидувам како ќе тече дебатата, меѓутоа имајте предвид дека ние сите сме склони во нашите настапи да употребуваме и да бидеме и не умерени и не одмерени, па од аспект на општата политичка состојба во Македонија дали во моментот е потребно некое заострување на општата политичка состојба на планот на меѓуетничките односи. Јас тоа го предвидувам и би сакал да не бидам во право.

Најверојатно, во дебатата се вршат и споредби со други држави, со соседи што исто така може да биде негативно влијание за односите на нашата држава со соседите.

Оттука, мислам дека тоа што ќе се добие како краен резултат по усвојувањето на информацијата и по усвојувањето на заклучоците содржани во самата информација, цврсто сум убеден дека позитивните ефекти ќе бидат многу помали од негативните. Укажувам дали тоа ни треба, дали со тоа се согласуваме.

Инаку, (Реакција на пратеникот Ѓорѓи Котевски од место).

Јас не расправам.

Има кој да ми укаже мене за таа работа, според тоа вие треба да слушате.

Бидејќи гледам дека ве фаќа нервоза да не должам.

Моето укажување е сосема добронамерно, во тоа не треба да се сомнева, затоа го молам заменикот на координаторот на пратеничката група на ПДП да побара 15 минути пауза за да го дефинираме јасно ние нашиот став по ова прашање, а воедно на господинот Андов да му дадеме малку време да размисли за ова укажување.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот пратеник Абдурахман Алити.

Молам дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, во името на пратеничката група на ПДП барам 15 минути пауза, за дополнителни консултации околу информацијата која е сега на дневен ред.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Давам пауза до 14,30 часот.

(Пауза од 14,10 часот).

(По паузата).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор во врска со предложената Информација?

За збор се јави господинот пратеник Мевљан Таири.

(Не е тука).

На ред е господинот пратеник Котевски Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас само сакав да укажам на една процедура, која господинот Абдурахман Алити сакаше да ја злоупотреби.

Всушност не станувавше збор за било каква процедура, туку она што го побара Исмет Рамадани беше правото и вистинското решение. Одредена пауза, за да се донесат одредени ставови и заклучоци во пратеничката група на ПДП.

Инаку, парламентарната говорница беше злоупотребена од Абдурахман Алити со цел да ни укаже на некои штетности во врска со оваа информација и затоа сакав да се јавам за да интервенирам.

Во друга прилика, мислам под поимот процедурално, не треба да се прави ваква класична употреба и кршење на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Збор има господинот пратеник Трпевски Александар.

**АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани дами и господа пратеници, мислам дека ова е едно од прашањата кои имаат мошне значајно место и улога во уредувањето и развивањето, не само на меѓусебните односи меѓу Албанците и Македонците, туку и дека е основа за регулирањето на вкупните односи во регионот.

Не треба да заборавиме дека живееме на Балканот, прикажан од сите како место, како регион, кој како географски и припаѓа на Европа, а уште им робува на одредени клишеа и стандарди од историјата.

И давам целосна поддршка на оваа информација. Јас сметам како основа за воспоставување на рамноправен дијалог во поглед на разрешувањето на одредени спорни прашања, од сферата на балканските права.

Во таа смисла ќе се осврнам на одделни аспекти од оваа проблематика.

Деновиве во нашата политичка јавност, а и пошироко се лансира една интересна теза според која, Македонија како држава и Македонците како мнозински народ, имаа погрешна претстава или сфаќање за суштината, односно нивото и квалитетот на малцинските права кај нас. Имено, тоа значи дека ставот на Македонската држава, што официјално се изнесува пред меѓународните фактори и веќе е раширено сфаќањето во пошироката македонска јавност за малцинските права, наводно се сведува на следниот факт. Дека стандардите за малцинските права се применуваат во Македонија и во основа се далеку изнад нивото на меѓународното право. Преведено на народен јазик, тоа значи дека Македонија како држава се луксузира и на малцинствата им дава повеќе права отколку што тие заслужуваат, односно отколку што нив им припаѓа според меѓународното право.

Понатаму, се изведуваат следните заклучоци. Дека нашите ставови за малцинските права во сопствената држава не биле објективни, од причини што ние сме имале еден аршин со кој ги мериме тие стандарди, а Меѓународната заедница имала друг. Значи, сето тоа наводно било погрешно.

Оваа теза понатаму има поткрепа во следната елаборација. Ако е вистина тоа што ние мислиме за стандардите на малцинските права што се применуваат кај нас, тогаш која е причината заради која Македонија би била ставена под речиси континуиран мониторинг за малцинските права на Меѓународната заедница. Зошто постојано би биле под присмотра на Герт Аренс, Макс Ван Дер Штул, Елизабет Рен и други. Оваа теза понатаму има поента во следниот заклучок.

Меѓународната заедница на проблемите од сферата на малцинските права, гледа исклучиво од политичко безбедносен аспект. А, тоа значи ако во одредена држава, националните малцинства претставуваат закана за безбедноста и

системот на таа држава по различни основи, ако на пример, малцинските групи поставуваат одредени барања, покренуваат иницијативи и слично, што се сврзани со правата на малцинствата и по тој повод доаѓаат до одредени конфликтни ситуации со нивните влади, кои пак понатаму можат да ескалираат во отворени судири. Секако, што од своја страна би ја загрозиле безбедноста, безбедносната состојба во државата. Тогаш Меѓународната заедница ги вклучува сите аларми и ги става во погон сите расположливи инструменти и механизми за превентивно дејствување.

Тезата има мошне интересно продолжение, при што укажува на оние ситуации каде постојат малцинства, кои не предизвикуваат никакви опасности за стабилноста и безбедноста на соодветната држава, дури и без оглед дали таа држава воопшто би ги признала малцинствата и нивните права.

Ако сето ова го ставиме во контекст на актуелните состојби, сврзани со проблемите на малцинските права во Република Македонија, според мое мислење, веднаш ќе дојдеме до заклучок и до сознание дека на теренот имаме една сосема поинаква ситуација. А, каква е таа ситуација?

Првиот факт е дека во Република Македонија, освен мнозинскиот Македонски народ, живеат и повеќе други националности, кажано според Уставот, а според терминологијата на меѓународното право, малцинство од кои најбројно е секако она со Албанско етничко потекло.

Албанската националност или малцинство, според пописот учествуваат со околу 23% во вкупното население на Република Македонија. Мошне позитивен факт е дека албанското малцинство во целокупниот период од осамостојувањето на Македонија до денес, има улога на конструктивен фактор на Македонската држава. Што значи тоа? Тоа значи дека граѓаните од албанско етничко потекло, чии политички репрезенти се политичките партии ПДП во еден период и ДПА сега, се недвосмислено конструктивни елементи на Македонската држава. Учествуваат од самиот почеток во сите институции на државата, како рамноправен и конструктивен дел со свои претставници на сите избори во органите на власта, во Парламентот, Владата и т.н.

Како такви, значи како конструктивни и рамноправни субјекти во понатамошниот живот на државата, тие имаат легитимно право да учествуваат рамноправно со сите други во донесувањето на клучните одлуки во државата. До овој момент немаше ништо спорно од аспект на загрозување на безбедносната состојба на државата, што би претставувало причини или мотив за интервенција во смисла на мониторинг ситуација или нешто слично од страна на Меѓународната заедница.

Што е, тогаш спорно и што е од своја страна причина за досегашното континуирано присуство на Меѓународната заедница во Македонија.

Националноста од албанското етничко потекло, како што е познато, има барање за високо образование на мајчин јазик, за измена на Уставот со нивно вклучување како конструктивен народ на државата, за измена на Деловникот на Собранието на Република Македонија со обезбедување права на употреба на албанскиот јазик во Собранието и можеби уште неколку барања, кои според мене можат да бидат и се предмет на дискусија, но не се причина за загрозување на безбедносната состојба на државата, а според тоа во крајна линија не се доволен мотив за таква реакција и третман на Меѓународната заедница, како што сега ја имаме. Какви права имаат малцинските групи во Македонија? Одговорот веднаш може да се даде. Речиси немаат ништо, што не е предвидено, согласно со меѓународното право, а тоа е право на слобода, на говор и право на изразување, на културниот идентитет, право на политичко изразување, право на основно и средно образование и т.н. Значи, го имаат сето она што не спаѓа под нивото на меѓународните стандарди.

Искуството покажува дека најголемиот дел од припадниците на малцинските групи, а посебно Албанците и не се незадоволни од малцинскиот стандард и нивната примена во Македонија. Тоа што нивните политички репрезенти постојано го изразуваат како политички проблем и не е никакво мерило за една релевантна политичка проценка, која би одела по линија на загрозување на безбедносната состојба во државата.

Значи, според тоа, нема особени причини за континуирано присуство на мониторинг мисии на меѓународниот фактор по однос на примената на малцинските стандарди и права во Македонија. Напротив, моето мислење е дека Македонија и покрај се е пример за доследна примена на меѓународното право, на меѓународните стандарди во врска со малцинствата во нашата држава.

Тоа што одделни политички репрезенти на некои малцински групи поставуваат одредени барања и покренуваат иницијативи за регулирање на малцинските прашања, според мене, е прашање на нивото на демократската култура и меѓуетничката толеранција, која подразбира способност и подготвеност отворено да се дебатира за сите прашања.

Но сега се поставува главното прашање. Што станува со нивото на малцинските права на Македонците во соседните држави? Се чини, ако се погледне каква е состојбата на овој план во соседните земји дека Македонија е единствената балканска држава со ептен мултиетничка, мултикултурна, мулти конфесионална, наспроти Албанија, Бугарија, Грција, Србија. Евидентно е дека правата и слободата на малцинствата во овие држави не се уредени според истиот модел, што Меѓународната заедница бара од Македонија да ги почитува доследно и целосно согласно на меѓународните стандарди. Напротив, положбата на нашите малцинства во сите соседни земји е во исклучително лоша состојба.

Грција не го признава македонското национално малцинство. Бугарија ја признава државата Македонија, но не и Македонскиот народ и јазик. На Косово состојбата е повеќе од неизвесна, а во Албанија, иако е признато македонското малцинство на формален план во стварност имаме состојба, која е повеќе од загрижувачка.

Минатата недела на собраниската Комисија за надворешна политика, слушнавме автентични искажувања за тоа дека последниот попис на населението во Албанија е направен во 1945 година, дека не се знае колку вкупно Македонци има во Албанија, дека албанската држава за Македонци ги признава само оние кои се со православна вероисповест.

Тоа значи класичен пример на дискриминација по верска основа, дека Македонците не само што моментално немаат свој претставник во Парламентот на Албанија или во било кој орган на власта, туку таква шанса немаат ниту во најблиска иднина. Ако се претпоставува дека има околу 400 илјади Македонци во оваа држава, врз основа на сето ова сметам дека информацијата за малцинствата во Албанија и во Македонија треба да добие целосна поддршка од овој Парламент, како основа за решавање на малцинските прашања на цивилизиран начин и како услов за приближување на двете држави кон Европа. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Трпевски Александар.

Збор има господинот пратеник Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Информацијата околу потребата за склучување на Конвенција за заштита на малцинствата помеѓу Република Македонија и Република Албанија, треба да се сфати како незадоволство на предлагачот на оваа информација, со кој овој вид дефанзивен став на македонската Влада спрема македонското малцинство во соседните држави, односно Република Албанија.

Можеби донекаде е сфатлива загриженоста и немирот изразен од овие проблеми, имајќи ја предвид состојбата и проблемите со кои се соочуваат припадниците на Македонскиот народ во некои од соседните земји. Но, несфатлива е загриженоста, а со тоа и потенцирањето на правата на Македонците токму во Република Албанија, кога се знае многу добро, зашто било во минатото, било сега Република Македонија ниту имало, ниту има некои големи спорови околу загарантирање на правата на Македонците во Република Албанија.

Уште од почетокот мислам дека е неопходно да се разјасниме околу фактот, ние како Албанци, односно албански пратеници никогаш ниту сме биле, ниту пак намераваме да сме против тоа, било кој граѓанин, од било која национална припадност, да не ги има своите права во средината каде што си живее. Права, загарантирани со низа меѓународни документи и акти, кои предлагачот во својата Информација многу добро ги набројува. Ние ниту сме, ниту намераваме да бидеме за непочитување на основните човечки права и тоа поради еден круцијален факт, затоа што токму Албанците во Република Македонија знаат што значи некој да ти ги оспорува основните права, односно во својата земја да се третираш како граѓанин од втор ред.

Но, изгледа намерата на предлагачот не е толку правата на Македонците во соседните држави односно Албанија, колку што се другите намери. И тоа, како прво, пред македонската јавност да се покаже како голем македонски патриот, како Македонец кој се залага за

правата на Македонците, било каде во светот. А, според оваа негова иницијатива изгледа дека Македонци надвор од Република Македонија си живеат само во Албанија, каде се омаловажувани нивните права, а не и во соседните земји. Или пак, ако случајно и си постојат таму, тогаш тие си ги имаат сите права загарантирани со сите меѓународни норми. Инаку, да не беше убеден во ова, тогаш оваа декларација немаше да биде унилатерална, туку мултилатерална и ќе се гласаше декларација за склучување на Конвенција за заштита на малцинствата помеѓу Република Македонија и соседните држави.

Друга намера, а можеби тоа е прва и главна што сака да ја постигне предлагачот е сега, на Албанците кои живеат на овие простори од памтивека да им покаже дека тие во оваа држава се сметаат како малцинство, па и нивните права што ќе бидат во согласност со меѓународните норми за малцинства, а во исто време намерава да повлече паралела меѓу Македонците во Република Албанија и Албанците во Република Македонија, односно правата на Албанците во Република Македонија да се управуваат со правата на Македонците во Република Македонија, т.е ако случајно некое право Македонците во Република Албанија не може да си го реализираат, без разлика дали е тоа последица на објективните причини т.е. условено од нивниот број таму односно процентот тогаш по автоматизам тоа право да им се скратува и на Албанците во Република Македонија.

Во книгата на Факти што го има издадено и дистрибуирано сегде во светот Република Македонија, меѓу другото се укажува дека во Република Македонија живеат околу 2,1 милион жители од кои 22% се Албанци. Иста книга на факти има издадено и Република Албанија, каде што се укажува дека во Република Албанија живеат 3,3 милиони жители од кои 95% се Албанци, 3% се Грци и 2% се останати и тоа Власи, Роми, Црногорци, Бугари и Македонци. Овој распоред сигурно е направен по нивниот број, а 2% на 3 милиони 1 жители доаѓа некаде околу 60 милиони жители, односно 1/5 од тие се Македонци.

Можеби некој ќе укажува на тоа дека овие бројки се манипулирни и од тамошната Влада, како што е манипулирано и со процентот на Албанците во Република Македонија. Но таа манипулација не може да биде 100, 200% и т.н. Така, како што во Република Македонија сто посто процентот на Албанците вештачки е намален од околу 35% на 22%, нека и таму нај веќе може да се манипулира со тоа податокот на другите ентитети, можеби е смален од 3% или 4% на 2%. Имајќи ги предвид токму овие факти, не сфатливо е барањето за повлекување на паралела, а со тоа и условување на правата на 1/5 од 3% со правата на 1/3 од вкупното жителство на една држава.

Трета намера на предлагачот е тоа што во последните претседателски избори што се одвиваа во Република Македонија, предлагачот на оваа информација како кандидат за иден претседател, водеше една политичка кампања која со големата загриженост кон Македонскиот народ како во Република Македонија, така и надвор од неа и албанофобијата од друга страна.

Тој ветуваше дека како можен иден претседател ќе се залага за просперирање на правата на Македонците било каде во светот и редуцирање правата на Албанците во Република Македонија. Но, бидејќи изборите си поминаа, предлагачот не се кандидираше ни во вториот круг, тогаш во не можност тие негови амбиции да се реализираат како претседател, му даде право да ги покренува како пратеник во ова Собрание. Но и овој пат, тој ќе залута и ќе биде во раскорак со времето и со реалните податоци.

Проблемите на македонското малцинство во соседните држави не се нови проблеми. Тие не датираат од 2000 година, а и предлагачот на оваа Конвенција не е млад политичар кој се занимавал со политика од пред неколку години.

Ние не сакаме да се противиме на улогата на бранител на Република Албанија, но мораме да изнесеме некои релевантни факти. Република Албанија е единствена земја со која се граничи Република Македонија, а која го признава Македонскиот народ и државата. Таа беше меѓу првите држави во светот што ја призна македонската самостојност.

Таа е единствена држава на Балканот која не го оспорува, ниту македонскиот јазик, ниту македонското знаме. Република Македонија не треба никогаш да си го заборави и оспорува фактот, бидејќи кога на Република Македонија и беше нај тешко поради изолацијата од страна на грчката влада, поради спорот околу името и знамето на Република Македонија, а во исто време беа и споровите со Република Бугарија околу македонскиот јазик, а северниот сосед, Република Србија беше под строга блокада од западот, беше токму Република Албанија која и излезе во пресрет и го пушти во

употреба без никаков услов пристаништето во Дурес.

Не е за заборавање фактот дека во сите поголеми албански списанија секој јуни Универзитетот Св. Кирил и Методиј објавува оглас, во кој ги повикува Македонците од Република Албанија кои сакаат да студираат во Република Македонија, да можат да си го остварат ова свое право. Се прашуваме во која друга балканска држава може да се објави такво нешто, дали во Република Бугарија или во Република Грција.

Ние сме свесни дека Република Македонија си има проблеми со дел од својот народ кој живее во соседните држави, но тие проблеми се најмали токму во Република Албанија. Се знае многу добро дека и во Република Грција и во Република Бугарија живеат извесен број Македонци, кои имаат свои организации како "Виножито" во Грција или "ОМО Илинден" во Бугарија, а кои се борат се афирмација на Македонскиот народ во тие средини каде што живеат. Токму тие држави нај повеќе го негираат постоењето било на Македонскиот народ било на македонскиот јазик, знаме или пак држава. Така се знае многу добро дека грчката влада преку атинската новинска агенција АНА, редовно во своите билтени наменети за амбасадите и странските акредитирани новинари, си доделуваат брошури за т.н. македонско прашање, а чии автори се познати грчки новинари.

Според овие информации историјата за македонското прашање почнува после Грчката револуција за ослободување од Турците, за на крај да се формулира грчката политика за така нареченото македонско прашање и децидно се кажува, таа во било која форма е не постоечка, бидејќи ништо не може да си го доведе под прашање грчкиот карактер на Македонија и да нема податоци кои би укажувале дека во Грција постојат малцинства и дека мнозинството од славо Македонци кои живееле во Грција, си заминале после Втората светска војна, а остатокот после завршувањето на Граѓанската војна и дека во Грција не постои никаков доказ, кој би го потврдил постоењето на националната славо македонска свест. Овие грчки претензии не се нови, туку датираат многу поодамна од времето кога Македонија беше дел на една творевина, наречена СФРЈ, а предлагачот беше на висока функција во Белград. Приближно во исто време, токму Македонциве во Солун го формираа Централниот Организационен Комитет за македонските човекови права, кој во својот манифест објавен на 26 септември 1984 година си укажуваа за што се залага овој комитет и тоа да на Македонците во Егејскиот дел на Македонија им се признаваат фундаменталните права, како човечките така и националните, правото на образование на мајчин јазик, правото да се организираат во културни институции како и употребата на мајчиниот јазик во црква, ТВ и јавната комуникација, да грчкиот парламент си донесе Закон за слободно враќање на Македонците на нивните места, да се донесе специјален Закон за неотуѓивото право за негување на македонскиот јазик, народните обичаи и културата, да Владата и Парламентот си донесат одлука за признавање на човековите и националните права на Македонците во Егејскиот дел на Македонија, според повелбата на ОН и Хелсиншкиот договор. Овој комитет си имаше средби во Брисел и Стразбург со високи функционери на Евро Парламентот, исто така овие нивни барања им беа посочени и на многу други западни земји, а посебно на СФРЈ со надежта оти токму Југославија и нај веќе ќе си реагира бранејќи ги нивните права. Можеби е сфатливо зошто тогашната југословенска влада не најде засходно воопошто да реагира на овие барања.

Имајќи го предвид старото пријателство помеѓу Србија и Грција али не сфатливо е зашто барем ниеден македонски политичар не реагира давајќи им барем морална поддршка на тие луѓе. А, во тоа време во сојузната влада, имаше голем број македонски политичари, меѓу кои еден од нај високите во функција си беше предлагачот на ова конвенција. Али изгледа во тоа време се занимаваше со југословенската кауза и се залагаше за Југославија, а македонското прашање си беше премалена излагањето за тоа прашање, понижувачка за еден политичар од неговиот калибар. Тој не најде засходно да реагира и во времето на демократизација на Македонија, кога како либерал или либерал демократ за кратко време си беше и претседател на ова Собрание, него си најде за сходно да реагира токму при крајот на својата политичка кариера и тоа со една држава, каде Македонциве си имаат најмалку проблеми.

И на крајот мислам дека оти оваа Декларација треба да си се сфати само како кревање прашина на еден стар политичар пред заминувањето од политичката сцена.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Кастриот Хаџиреџа.

За збор се јави г. пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, јас воопшто не сакам да навлегувам во правото на предлагачот да предлага, дури и вакво нешто што веќе го имаме како точка од дневниот ред. Дури и не сакам да навлегувам во идејата или целта што сака да ја постигне предлагачот, условно таа идеја да е добронамерна би требало да се поддржи, иако јас длабоко се сомневам дека предлогот е добронамерен или тоа останува само во доменот на резолуцијата или претпоставката, ниту сакам да навлегувам во доменот на мотивите на предлагачот зошто тој се нафатил за ваков, според мене чуден предлог, иако што се однесува до важниот корпус т.е. корпусот на правата на човекот во секое демократско општество и секој што има демократско убедување би требало да поддржи авансирање на предлозите за кои има цел тој сегмент.

Колку мене ми е позната оваа материја, јас длабоко сум убеден дека начинот како се пристапува кон решавање на ова прашање е докрај анахроно. За ваква чувствителна работа не сум убеден дека треба да се решава со вакви, до крај анахрони методи, застарени методи и да кажам дека предлагачот изгледа доцни најмалку 2 века, во однос на методологијата и инструментите што тој ги предлага за решавање на овие важни прашања.

Ако внимателно се прочита информацијата како предлагачот ја нарекува, а тоа според мене е еден предлог на препорака до Владата. Практично тука се замешува Собранието кое би требало да препорачува нешто на Владата. Всушност тоа не претставува ништо повеќе од воведување на своевиден класичен реципроцитет на решавање на меѓунационалните или проблеми во меѓуетничките односи. Реципроцитетот, веќе кажав е механизам кој е напуштен од меѓународното право два века и не се применува никаде освен кога државите решаваат прашања во однос на државјаните, од причина што е реципроцитет во дел од населението, со етничка боја. Зошто тоа го велам така. Го велам од причина што не можете вие во тој сегмент да воспоставите реципроцитет, еве на пример да земеме две држави, не мора да бидат тие две држави Албанија и Македонија, туку две други држави од кои едната има многу поголем степен на демократски развој, а другата многу помал. Замислете да се заклучи таква конвенција каква што предлага г. Андов, со не пригодна содржина или не природни резултати да има со примената на таа конвенција.

Имено, таа држава која има повисок степен на демократскиот развој би требало да се прилагоди, во име на реципроцитетот со таа држава која нема исти стандарди на демократскиот развој. Каде сега, оваа поразвиена држава, мислам со поголема доза на демократичност би требало да се спушти на ниво на таа друга држава. За тоа не случајно кажувам дека тоа е не природно и не практично.

Имено, се применува само врз основа на државјаните или граѓаните на државите кои се членки на таа двострана конвенција или спогодба. Еве на пример две држави се договараат дека на граѓаните од другата држава во нивната територија ќе им признаат право да поседуваат некретнина или некои статусни права или некои други права. Меѓутоа, тоа се однесува целокупно на сите граѓани и сите државјани на таа друга држава. Истовремено и другата држава да го прави истото. Не може да се лимитира само на една групација, структура, етникум и т.н.

Ако подлабоко навлеземе во суштината на ова прашање, јас сум уверен, а и праксата дури и пред 200 години покажала дека, дури ако се инсистира на реципроцитет, било да се работи за почитување на меѓународно право, тоа неминовно произведува дискриминација. Зошто? Од причина што секоја држава, посебно во нашите балкански услови што е многу лесно кај државите кои имаат поразвиен степен на демократичност, позитивно ќе размислуваат. Меѓутоа во балканските услови секоја држава рестриктивно ќе гледа на ова прашање и ќе настојува да ги ускратува правата за да се споредува со другата држава. Практично тоа ќе ја продлабочува дискриминацијата на граѓаните и ништо повеќе од тоа. Значи при настојувањето да се усогласуваат стандардите, како што ќе биде, претпоставувам со таа конвенција со која држава негативно при апликацијата на таа конвенција ќе гледаше, тоа ќе резултира со тешки последици.

Имам мислење дека ова прашање не би требало да се сфати сериозно и да се маргинализира, што јас не мислам дека треба така. Напротив ова прашање треба да

се сфати многу сериозно, од причини што изгледа веќе не само во Комисијата за надворешна политика каде сите учесниците во владината коалиција го поддржаа предлогот на г. Андов. Значи, практично зад ова стои Владата на Република Македонија, од самиот факт што владиното мнозинство овој предлог го поддржува.

Зошто се предлага вакво решение?

Иако на секого му е јасно, посебно тие што ја познаваат оваа материја дека ова прашање се апсорбира на многу документи кои ја решаваат оваа материја, почнувајќи од Повелба ОН, Декларацијата за правата на човекот, па Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, Конвенцијата за елиминирање на секаков вид дискриминација, бројни конвенции против дискриминација во областа на образованието, документи на УНЕСКО, Париската повелба и т.н., а уште повеќе важно е да се споменат уште два документи кои ги преземаат членките кои претендираат да се интегрираат во Европската унија, Советот на Европа т.е. Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства и Повелбата за регионалните и малцинските јазици. Овие се толку авансирани што ова што се предлага мислам не само што се апсорбира во целост, туку се надминува повеќекратно.

Друго прашање што според мене е важно прашање е зошто се предлага склучување на ваква конвенција, на ваква спогодба само со една соседна држава, во конкретниов случај Република Албанија. Ако е така, а мислам дека веќе е јасно дека е така, тоа му дава можност на секого да се посомнева дека се работи за своевидна политичка монтажа. Тоа му дава можност на секого да каже дека се работи за своевидна политичка манипулација во регионот и дека предлагачот има злонамерна цел. Претходниот говорник убаво кажа, ние имаме огромни проблеми исто така и со другите соседи, да не кажам и многу поголеми проблеми, меѓутоа предлагачот не се присети, барем ќе беше во ред прашањето да го генерализира имено, да му предложи на Собранието да усвои заклучок за склучување на вакви конвенции, иако јас веќе реков нешто во однос на овој инструмент кој е веќе надминат, со сите соседи и тоа ќе беше можеби во ред.

**МЕРСАЛ БИЛАЛИ:** (Продолжение)

А, не се предлага, зошто такво решение се предлага. Јас мислам дека господинот Андов тука ќе образложи, јас очекував дури и прв пат, да се јавеше предлагачот и не ми е јасно зошто тој не се јавил. И оттука слободно секој може да поставува прашање во однос на принципиелноста на предлагачот. Секој може да поставува прашање во однос на искреноста на предлагачот во рационалноста на предлагачот, па дури и да се посомнева дали ова воопшто што се предлага односно поседува минимална доза на политички опортунитет. Во Конвенцијата мислам предлогот во која господинот Андов има дадено и некои членови како предлог ориентација за преговарачите на Владата на Република Македонија и тој бара заштита на македонското малцинство во Албанија и албанското малцинство како што пишува во Република Македонија.

Прво, според нашиот Устав поимот малцинство не постои, постои националноста, па ако се работеше за документ од меѓународно правен карактер, повеќе - странен документ. Тогаш можеби тоа ќе држеше, меѓутоа кога се работи за двостранен документ, тогаш мора ние да поаѓаме од нашиве уставни формулации од уставни наши поимови од наши уставни ориентации, а не можеме да освоиме поими кои не ги обврзуваат другите држави.

Второ, што е важно, зошто такво рангирање, значи македонското малцинство прво во Албанија, потоа албанско малцинство во Република Македонија. Дали така ние направивме деградација на свои граѓани во сметка на странци нели. За мене се сите исти граѓани тоа нема врска, сепак ние мора да внимаваме за нашите граѓани кои живеат во рамките на границите на Република Македонија и бар терминолошки да ги исполниме први. Не навлегувам на тоа бројчано кој колку е, воопшто тоа ќе покажува статистиката, воопшто не сакам да шпекулирам во тој сегмент, меѓутоа тоа е многу важно, не можете вашите сограѓани да ги деградирате, во споредба со страниците тоа го мислам и со другата држава. Вие претендирате да се случи таков договор. Вака мислам дека се омаловажува една национална заедница која живее во Република Македонија. Ако пристапуваме кон ваквиот начин на проблемите јас сум сигурен дека ние ќе го нарушиме и овој мал имиџ на државата, кој е се повеќе помал ќе го нарушиме авторитетот на државата кој секој ден е исто така се помал поради начинот на пристапување на решавање на важните проблеми, затоа што ние сакаме анахроно да ги решаваме овие проблеми, кој реков дека методологијата е пред два века применета и не се применува повеќе.

Има шпекулации дека предлагачот со ова сака да постигне не само политички поени тука сака да постигне и други цели и во сметка на Владата и има мислење дека овој предлог е во договор со Владата, меѓутоа Владата немала таква храброст тоа да го направи па се договорила со господинот Андов и секоја цел да се нарушуваат односите со Република Албанија.

Значи, целта е да се блокира евентуалната спогодба, склучување на спогодбата за признавање на дипломи и културна соработка и незнам што или пак да се амортизира прашањето на високото образование или да се стави противтежа на тоа прашање. Меѓутоа, мислам се ова може многу лошо да заврши и воопшто не е во наш интерес па ни во интерес на Албанија да се нарушуваат односите помеѓу овие држави, кои се клучен столб за интеграционите процеси во Европската унија. Партијата на господинот Андов даде и јасна поддршка и во однос на проектот на Штул за високо образование, јас дури се посомневав во самиот факт што неговата партија дала таква поддршка, јас мислам во тој проект нема ништо. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Мерсел Билали.

За збор се јави господинот Мевљан Тахири.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, ќе се приклучам на некој начин, жал ми е што така ќе биде со сите дискутанти кои што припаѓаат на пратеничките групи на Партијата за демократски просперитет и на Демократската партија на Албанците во сомнежите кои што постојат кај нас, во поглед на целта и намерите на оваа Предлог - конвенција, односно информацијата со која што се предлага Собранието да донесе соодветни заклучоци за потребата од склучување на ваква конвенција со Република Албанија.

Мислам, дека во текот на дискусиите веќе одредени сомневања од одреден вид беа изнесени и јас на некој начин ќе ги повторам но можеби тоа ќе биде во друга конотација, но пред се би сакал веднаш на почетокот да кажам дека јас основано се сомневам дека зад оваа иницијатива постои тенденција и тоа негативно.

Прво, господинот Мерсел Билали тоа го кажа јас само ќе се обидам осврнувајќи се на некои меѓународно прифатени документи од страна на Република Македонија и од страна на Република Албанија, да докажам дека со оваа Конвенција дефакто не е намерата заштита на правата на Албанците во Република Македонија и на Македонците во Република Албанија, туку напротив ограничувањето на тие права и тоа под нивото кое што произлегува од обврските што Република Македонија ги има преземено кон обединетите нации, организацијата на соработка и безбедност на Европа и кон Советот на Европа. Доколку се земе самата Конвенција што се предлага текстуално и се направи една компарација со Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, односно со Европската повелба за регионални и малцински јазици, како и препораките на кои што се повикува господинот Андов, а мислам дека намерно ја заборава препораката 1201 на Советот на Европа, која што претпоставувам му смета на господинот Андов, затоа што има една деликатна формулација во самата таа рамковна препорака, мислам дека јасно произлегува дека господинот Андов дефакто препорачува ограничување на правата на Македонците во Албанија, а соодветно на тоа претпоставувам дека и на правата на Албанците во Македонија. Што е во спротивност со тоа општо прифатените меѓународни документи од страна на Република Македонија и од страна на Република Албанија. Понатака доколку намерата на предлагачот е предлагање на соодветен документ за подобрување на односите помеѓу двете држави, како што во самата Информација се нарекува сепак делот кој што се однесува на националните малцинства, кои што патем и на другите дискутанти да им биде јасно дека нема никаква политичка конотација, тука е само таа формулација во меѓународните односи, со кое што се определува една група која што бројчано е помала од другата. Апсолутно не навлегува на политичкиот статус што одредена група ја ужива во рамките на таа држава, така што поврзувањето на терминот национално малцинство со уживањето на правата во таа држава, апсолутно не држи и прашање на договорот кој што ќе се постигне помеѓу одредени групации внатре во државата како е најдобро да си ги уредат односите, за да може државата да просперира да живее во мир и се разбира да ги избегне конфликтните ситуации, кои што и во самата Информација се заклучува дека може да произлезат од не избалансирани состојби во меѓуетничките односи.

Така што да заклучам по однос на ова прашање навистина сметам дека се прави еден лош преседан, односно се отфрлаат на некој начин со оваа конвенција меѓународните договори, кон кои што е обврзана и Република Македонија и Република Албанија.

Мислам дека постои тенденција во овој смисол и по однос на времето во кое што се предлага ваква конвенција, мислам дека во овие 10 години на плурално живеење имало многу по оправдани моменти, во кои што можело да се предложи една ваква конвенција или јас ќе предложам на крај доколку сака и тој термин не е соодветен со тоа што се предлага, но мислам дека времето апсолутно не одговара на моментот не одговара за донесување на една ваква конвенција.

Имено, сметам дека постои тенденција во забавување на работите. Доколку се има во предвид дека Република Македонија со самата експлицитно изразена намера, односно со своите напори што ги прави за приклучување кон Евро - атлантските институции, апсолутно е обврзана да ги решава во од овие прашања кои што ги тиштат меѓуетничките односи и на некој начин со усвојување на една ваква спогодба или конвенција помеѓу двете држави апсолутно целата оваа работа може да се пролонгира и да се почека да се договорат двете држави за овие работи и на крајот да се почне со имплементацијата на евентуално постигнатиот договор.

Така што мислам се прави една лоша услуга и на самата држава Република Македонија, со тоа што со една политичка итрина дефакто се навлегува во една политичка криза во меѓунационалните односи односно во меѓудржавните односи. Тоа произлегува и од фактот што од неколку дискутанти е кажано за обидот да се воспостави реципроцитет во овој смисол, иако јас малку покасно ќе застанам во прилог на бранењето на таа ваша теза за реципроцитет во уредувањето, но апсолутно ако се согласиме да бидат тие највисоко прифатени стандарди согласно во овие меѓународни документи.

Тогаш апсолутно јас бар што се однесува до мене ќе прифатам и на Македонците во Албанија да им се определи специјален статус, автономија или било каков друг статус, но соодветно на тоа и на Албанците во Република Македонија. Но, за тоа малку покасно и што се однесува до самата ексклузивност, мислам дека и тука се чита таа тенденција дека само со Република Албанија се предлага склучување на таков еден договор на спогодба. Мислам дека ова е уште еден доказ во прилог на тоа дека дефакто не се работи за заштита на правата на Македонците во Албанија, туку за обид за ограничување на Албанците во Република Македонија, што сметам дека е една непотребна игра со една политичка итрина да се створи една ситуација во која што ќе се пролонгира решавањето на одредени прашања кои што се на повидок.

Инаку, доколку подемот, самата цел која што би ја имале усвојувањето на ваквите меѓународни акти, мислам дека господинот Андов како искусен политичар, би требало да поднесе една информација, за тоа зошто Република Македонија не ги спроведува меѓународно преземените обврски и по однос на мониторингот, па бидете свесни дека ќе поминува втората година од склучувањето од Ратификацијата на рамковната Конвенција за заштита на националните малцинства и во рок од две години Република Македонија ќе треба да поднесе извештај за имплементација на целите од оваа рамковна Конвенција, кој што ќе треба да се доставaт до специјалниот комитет кој што ја надгледува имплементацијата на оваа конвенција. Понатака истото ќе треба да се направи и со Европската повелба за малцинските и регионалните јазици и мислам дека Република Македонија ќе треба многу повеќе да се занимава впрочем како и Република Албанија и сите други држави од околу со имплементација на овие меѓународно прифатени обврски кон разните меѓународни институции отколку со склучувања на договори, кои што дефакто значат дерогирање на меѓународно прифатените норми.

Инаку што се однесува до самата информација би сакал да ви обрнам внимание дека, склучувањето на една ваква конвенција чија што цел е заштита на малцинствата, ќе биде уникатна во цела Европа. Таква конвенција не постои во поново време, постојат конвенции односно не конвенции, туку спогодби, договори кои што се склучуваат за добро соседство, соработка и разбирање во кој што дел од прашањата што се уредуваат во овие спогодби се и прашањата кои што се од сферата на меѓуетничките односни, но ексклузивно да се склучи таков договор само со прашања на заштита на националните малцинства нема досега нема таков случај помеѓу ниедна држава и евентуално ако некој мисли на спогодбите помеѓу Романија и Унгарија и Словачка и Унгарија се работи за договори во кои што

се уредуваат меѓусебните односи, каде што дел од прашањата кои што се уредуваат се и прашањата од сферата на меѓунационалните односи и таму во духот на советот на Европа на ОБСЕ и на другите документи се набројуваат документите, на кои што се обврзани страните да се придржуваат при регулирање на тие прашања и апсолутно само се извлечени од контекст прашањата, кои што би требало понатака да се регулираат.

Инаку, по однос на самата информација и по однос на самата конвенција само би сакал да направам една споредба, односно да ви обранам внимание дека господинот Андов дефакто предлага определени поглавја, кои што се содржани во рамковната Конвенција и во Повелбата за заштита на регионалните односно малцинските јазици, потполно да отпаднат со оваа конвенција, што мислам оди во прилог на тоа дека сепак се работи за една тенденција во овој случај.

И што се однесува до реципроцитетот, а со тоа и ќе завршам навистина би бил во прилог на реципрочно уредување на односите помеѓу Република Албанија и Република Македонија но господинот Андов да ги прифати нормите содржани во препораката 1201, во кој што се овозможува и уживање на специјален статус, обрнуваме внимание и на тој момент кој што во тој случај апсолутно би бил прифатлив за Албанците во Република Македонија, а претпоставувам и за Македонците во Република Албанија. Но, не знам во тој случај дали господинот Андов би застанал зад една таква спогодба. На крајот јас би сакал да му предложам на господинот Андов заклучоците да ги преформулира и тие да бидат во смисол на потреба за склучување на договор за соработка, добро соседство и пријателство со Република Албанија и со самото тоа да заврши целата оваа иницијатива истата да важи и за сите други околу со кои што се граничи Република Македонија и во тој случај мислам дека може да ужива поддршка од сите пратеници и се разбира доколку Република Македонија навистина има намера да ги почитува меѓународно прифатените обврски тогаш во делот што се однесува на сферата на меѓунационалните односи, меѓуетничките односи само треба да се бара почитување на овие обврски кои што се преземени од страна на Република Македонија, соодветно и од страна на Република Албанија во кон разните меѓународни институции.

Затоа кон крајот нека биде мој апел до господинот Андов, да ја преформулира својата иницијатива, да биде иницијатива за склучување на договор за спогодба помеѓу Република Македонија и Република Албанија за пријателство, добро соседство и разбирање. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мевљан Тахири.

За збор се јави господинот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, почитуван предлагач, јас навистина очекував од господинот Андов, кој посебно го ценам како политичар и дипломат дека ќе го уважи нашето барање како пратеничка група да се остави на дневен ред оваа точка, дури после апелот на господинот Алити дека ќе се предомисли и дефинитивно ќе се повлечат од оваа иницијатива, но за жал, ќе мора да констатирам дека ме изненади со неговата упорност по секоја цена денеска да биде на дневен ред едно вакво чувствително прашање.

Мислам дека еден политичар на лик на господинот Андов, треба многу јасно да ги има согледувањата на политичкиот момент кога се излегува со една ваква иницијатива, да ги има точно лоцирани кризните подрачја дали е ова и Албанците односно Македонците во Албанија, се тие кои што произведуваат криза во регионот и во Република Македонија. И после тоа да се одлучи, да се излезе со една ваква информација.

За жал, по мое длабоко убедување, моментот, политичкиот момент и позицијата на Република Македонија кога се излегува со една ваква иницијатива, се апсолутно не прифатливи. Но, фактот дека и понатаму се опстојува во иницијативата, ме тера да размислувам дали навистина господинот Андов е длабоко вовлечен во некоја шема или некоја цел. Во ситуација кога на големо се разговара и договара за положбата на Република Македонија од страна на разни меѓународни институции и аналитичари, кои имаат храброст и јавно да произнесат дали Република Македонија е модус вивенди или навистина Република Македонија треба да постои како држава. Во ситуација кога еден политичар дипломат бара од меѓународната заедница односно Европската Унија да се загрижи за заштитата на Република Македонија, во ситуација кога имаме Влада со слаб авторитет и опозиција која само бара рушење на Владата, а не нуди што

после тоа, дали е тој моментот кога треба да се излезе со една ваква информација.

По моето длабоко убедување, ниту Албанците во Република Македонија, ниту Македонците во Република Албанија се момент на криза во регионот, ниту во Македонија. Историските факти покажуваат дека Албанците во сите етапи на создавање на државата Република Македонија, активно учествувале. Почнувајќи од АСНОМ, до денеска нема Влада во која нема Албанци. Дури и во АВНОЈ-ското Собрание, кога никој од делегатите од Македонија не достигна од само седум верифицираните, односно шест од историските документи од Историскиот архив на Република Македонија, дури во тие делегати имало Албанци. Дури, Уставотворното Собрание 1946 година 192 делегати, 41 се со муслиманско потекло, не можам до крај да ги идентификувам, да не се сите Албанци, веројатно ги има Албанци, Турци и други националности, што учествувале во градењето во донесувањето на Уставот. Да не спомнувам од 1990 година наваму каде Албанците учествуваа во сите институции на системот и многу конструктивно придонесуваат за создавање на државата Република Македонија.

Но, кој е момент на криза и зошто Република Македонија не ја искористи историската шанса кога требаше да биде создадена, да биде центарот каде што ќе постои развојот на Источна Европа. Но, наместо тоа таа сега да се третира како црна дупка, низ која сите избегаваат да проаѓаат.

Мислам дека главната пречка зошто Република Македонија денеска не може да биде центар на стабилност на Балканот, не се Албанците, туку расчекорот, односно недоволно изградената национална свест на Македонците. Дури, ако се сака навистина да се проучат историските факти во поновата историја, укажуваат на тоа.

Големата историска грешка ја направи Република Македонија кога од себе создаде група непријатели околу државата. Така, во референдумското прашање од 1990 година, која отвори многу дилеми, ги стави во позиција да размислуваат сите држави околу неа, што се создава околу неа и која е таа држава. Дали таа ќе нуди стабилност или дестабилност на Балканот. Таму стои, дали сте за држава Македонија со можност да се спои со државите на Југославија. Ова ќе ви го прочитам и е во Службениот весник. Таму стои: "Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија, со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија". Ова на сите држави околу неа им даде за право да размислуваат што се создава околу нив.

И, нормално како најака позиција на држава на Балканот, Грција си создаде позиција и рече, Уставот да се смени и го сменивме Уставот. Рекоа знамето да го смениме и знамето го сменивме. Понатаму, можеби, ако е така и името ќе го смениме. Нормално, друга по неа со појака позиција Бугарија, која бараше и меѓусебниот договор кој го потпишавме да ги снема Македонците во Бугарија, а и практично тоа да го спроведе со тоа што го отпиша "ОМО Илинден". Србија останува со отвореното прашање на границите, со можност за спојување кон Југославија. Само едната Република Албанија, наместо да заземе став и позиција, го поздрави овој чекор и конструктивно придонесе да се стабилизира оваа држава како перспективна иднина на Балканот.

Дали ние ги согледуваме овие кризни моменти што создаваат криза на Република Македонија. Дали не се прашуваме, навистина, да прерасне во центар на стабилност во Источниот Балкан. За мене постои таква можност. Навистина, постои таква можност само ако има јака политичка волја да се надмине тој проблем. Дури и тогаш има место и момент и за една ваква спогодба со Албанија. Тој момент и таква слобода ќе се создаде кога двата народа овдека, Македонскиот и Албанскиот навистина ќе се помират и ќе се фатат рака за рака и ќе создадат заедничка држава Република Македонија. Со која, дефинитивно ќе им се стави до знаење на сите тие, кои што имаат територијални или страв, претензии од постоење на Република Македонија. И, како би требало отприлика да гласи. Според мене, нека биде ова мој личен став, кој што денеска јас ви го изнесувам, тоа би можело да се направи со еден референдум кој ќе се вика, дали сте за држава Република Македонија, како рамноправна држава на Македонците и Албанците и другите, со тоа што на Грците ќе им кажеме дека не се работи заради територија Република Македонија, туку се работи за држава Македонија. На Бугарите ќе им кажеме дека постои Македонски народ. На Албанците ќе им кажеме на референдум да градиме заедничка држава и немаме никакви претензии надвор од Република Македонија. И, тогаш ако ни треба доволна гаранција со Албанија ќе потпишеме договор.

Но, во ваква ситуација кога ние јасно немаме дефинирана ни внатрешна и надворешна политика, со една декларација

со Република Албанија, не ја стабилизираме ниту државата, ниту регионот. И понатаму ќе бидеме предмет на расправање во сите метрополи во Европа. И понатаму ќе бидеме под опсервација, под мониторинг, затоа што немаме храброст да се соочиме со реалноста и вистината.

Дали може и има некаде во светот еден народ, кој што упорно учествува во градењето на државата Република Македонија и придонесува и е равен и политички, економски и друг фактор во државата, да се стави во прашање. Дали го оценуваме политичкиот момент. Дали ние овдека навистина не ги потхрануваме сите тие прашања и дилеми за постоењето и дали Република Македонија е фактор на стабилност или дестабилност во регионот.

Мислам дека после еден ваков храбар чекор, дури тогаш ќе се стабилизираме како држава, дури тогаш ќе можеме да потпишуваме договори. Но, сега во оваа позиција, ние да излеземе со еден ваков акт, кој е веќе јасен овдека меѓу нас, дека ќе биде поддржан само од една групација, а нема да биде другата групација, на што ќе личи и што ќе произлегува една ваква декларација.

Мислам дека ова е еден многу низок удар, кој што на политичката сцена во Република Македонија и понатаму ќе ја продлабочи недовербата меѓу Албанците и Македонците, но и дипломатскиот меѓународен фактор и понатаму ќе ги храни тие што мислат дали може да опстои Република Македонија. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ризван Сулејмани.

Има збор госпоѓата пратеничка Марковска Ѓулистана.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани господа пратеници, сакав да се вклучам по повод расправата за утврдување на потребата, би рекла не информација и би сакала тоа да му го предложам на предлагачот, дека тоа не стои информација, како што беше процедуралната забелешка, туку да стои за утврдување на потребата од вклучување на Конвенција за заштита на малцинствата меѓу Република Македонија и Република Албанија.

Тоа, впрочем, ќе го кажам во заклучниот збор, а сега сакам да ја поздравам идејата за една ваква Конвенција да се дискутира токму овде во Собранието, каде што седат народните претставници, а не и во Владата. Туку патот да биде спротивен, бидејќи токму овде треба да го разгледуваме предметот што е на оваа Конвенција, а тоа се заштита на националните малцинства.

Она што беше овде речено, јас уште во старт ќе кажам една своја мисла, која што ја реков на Комисијата надлежна за разгледување на оваа конвенција, тоа е Комисијата за надворешна политика. Ако сакаме да го сфатиме вистинското значење на оваа Конвенција, сите ние не како пратеници, туку како луѓе треба да бидеме ослободени и да ја почнеме оваа расправа со две нешта.

Прво, дека ниту во Европа, а особено не на Балканот нема етнички чисти територии. Тоа е прво.

Второ, еднаш за секогаш сите ние, а особено пратениците во овој највисок Законодавен дом, да се ослободиме од идејата за создавање на големи држави на Балканот. Во случајов за создавање на голема Албанија, односно за создавање на Обединета Македонија. Ако се ослободиме од овие мисли, тогаш на оваа конвенција ќе можеме да го подадеме и вистинското значење и да го гледаме сето позитивно што произлегува од неа.

Меѓутоа, ако во нашите глави постои макар и мала мисла дека такво нешто во 21-от век е можно да се расправи, тогаш верувајте ќе имаме вакви вжештени расправи, какви што за жал, не очекував да чујам од поедини пратеници, претставници на Партијата за демократски просперитет.

Зошто го зборувам ова? Ова го зборувам од причина што оваа Конвенција, ако го разгледаме работниот текст што таа го нуди, прво не нуди ништо ново. Истата претставува сублимат на голем број на конвенции или пак меѓународни договори, кои што се донесени на ниво на Советот на Европа, на ниво на КЕПС, на ниво на Обединетите Нации, и последниот Светски форум за човекови права одржан во Виена. Што значи дека не станува збор за апсолутно ништо ново, туку станува збор само за еден сублимиран текст, кој што го гарантира основното човеково право.

Прво, да се претстави себеси со оној етнички ентитет, како што се чувствува.

Второ, да има право својот мајчин јазик да го говори секаде и во домашни услови и во сите јавни институции.

Трето, да има право да твори на сопствениот јазик.

Четврто, да има право да се образува, се разбира, во зависност од степенот на економските услови што ги

диктира државата во која што живее, на оној степен што ќе му го гарантира државата, да има право политички да се здружува и апсолутно ништо друго.

Она што мене ме чуди како пратеник во ова Собрание е, зошто тоа наидува на отпор на претставници на албанското малцинство и на албанската националност согласно нашиот Устав во Република Македонија и зошто наидува на револт кај нив. Јас не гледам како може луѓе кои што со полно право бараат одреден корпус на човекови права, кој што воопшто не е од господа даден, туку тој треба да се надоградува и истиот постојано да биде можеби со нови барања да се надополнат, во зависност од тоа кој како се чувствува во сопствената држава.

Меѓутоа, тоа истото право што тие го бараат да биде ускратено на луѓе, повторувам луѓе, кои што имаат друга национална припадност, а живеат во друга држава, во случајот соседна Албанија. Дали тоа значи дека тие се луѓе во помала смисла на зборот или пак значи дека тие како такви не смеат тоа да го бараат, само заради тоа што овде беше речено за бројката не треба да се зборува, се во помал број.

Апсолутно не можам да се согласам со таа теза, бидејќи реков корпусот на човекови права не е од господа даден, ниту пак демократијата и тој корпус на човекови права, може да се дозира. Тој постојано треба да се надоградува, тој ќе биде во помал или во поширок процес во поголем обем, во зависност од тоа која политичка гарнитура живее во тој период во државата, која што треба за тоа да дискутира и како и на кој начин ќе се воспостави дијалогот. Меѓутоа, зборувам дијалогот, а не и поинаквите начини, кои што за жал се присутни на овие балкански простори, а тоа е крвопролевањето и војната, во која што најчесто националните малцинства претставуваат, наместо чекор за развој на добро соседство и пријателство, чекор за раздор и создавање на крвави војни, кои што одсекогаш на овој балкански простор најмногу му штетеле токму на овој, во чие што име се почнувала војната на националното малцинство.

Токму од таа причина сметам дека Република Македонија и ова наше Собрание е на добар пат, не да ја избегне војната, бидејќи ние со соседна Албанија имаме традиционално добри односи, туку напротив овие традиционално добри односи да бидат унапредени на едно повисоко ниво преку склучување на еден ваков билатерален договор или билатерална конвенција, не е спорен насловот како ќе важи, со кој што ќе се гарантира минимумот на корпусот на човекови права, што ќе се гарантира на националното малцинство, односно во случајот на Македонците кои што живеат во соседна Албанија.

Овде, морам да ви кажам, искрено ме зачуди и пристапот на поедини претставници наши кои што се и во Советот на Европа, а кои што се доста гласни за барање на тие човекови права на малцинствата, а овде велат дека тоа место треба да се ускрати и велат дека Албанија како држава има, прво понизок степен, понизок стандард на демократскиот развој и велат дека на тој начин со тоа на нашето национално малцинство ќе им се овозможи одреден, би рекла во случајов што се бара, основен оптимум и квантум на човекови права, со тоа ќе им се скратат правата на Албанците кои што живеат во Република Македонија.

Напротив, прво, Албанците во Република Македонија уживаат висок квантум на човекови права. Не велам дека тоа е завршен, не велам дека тоа треба некој да го диктира, туку тој треба да се надоградува. Оваа Конвенција не пледира на ураниловка или пак на реципроцитет. Напротив, пледира на тоа едно национално малцинство, кое што е во Република Македонија регистрирано дека постои како такво, а кое што за жал, од разговорите што еве и јас и нашата Комисија собраниска ја имаше со претставниците на националното малцинство што живее во соседна Албанија, е сведено на одредени декларативни права, кои што исто така произлегуваат од бројни конвенции, Меѓутоа, воопшто не се имплементирани во политичкиот систем во законодавната сфера. И, тие луѓе се она што практично Албанија претпоставена на својот потпис во одреден број на меѓународни договори го гарантира, не го има имплементирано преку законите, на овој начин, преку оваа Конвенција со нејзиното усвојување меѓу двете држави и вклучување, би им го обезбедила. Не гледам апсолутно никаква причина на она што овде го рекоа претставниците на Партијата за демократски просперитет, дека постои некоја задна мисла, со тоа што ќе се бара реципроцитет и на крајот ќе се намалат правата на Албанците во Македонија.

Јас така воопшто не ја сфаќам, а и Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, ниту пак гросто на пратеници во ова Собрание. Таа пледира само за обезбедување на права на луѓе кои што живеат во една наша

соседна држава, а за кои што бројните декларации, како што самите се изјаснија, освен декларативно изјаснување, не значат ништо конкретно. И, ако така ја сфатиме, не гледам причина зошто истата да не биде прифатена и зошто овде беа употребувани толку крупни зборови, дека Македонија треба да се грижи за Албанците, треба да се грижи за сите меѓународни договори што ги потпишала и точно треба да се грижи. А, можеби треба да дејствува во насоките за кои што и е кажано, во разговор и дијалог со политичката групација на Албанците, која што постои овде во Македонија. Меѓутоа, не гледам апсолутно никаква причина како може Албанците во Македонија повеќе да ја брана соседната држава Албанија, а не државата во чие Собрание седат овде и за која што истите се декларираат дека ја сакаат и дека се од памтивек овде вселени.

За жал, таква интенција јас чувствувам, а ако не сум во право би било добро да бидам демантирана.

Прво и основно, секој од нас кој што живее овде треба да се грижи за сопствената држава, тоа е Република Македонија, без оглед на тоа на која етничка припадност и припаѓа.

Второ, не треба да бидеме засегнати дали претставници на некое етничко малцинство во соседна држава, па нека биде не само албанското, нека биде македонското, нека биде тоа и грчкото, влашкото, ромското, кое што сакате, ќе има еднакви или поголеми права од нашите, тоа нас воопшто нема да не засега. Тоа е право на билатерални договори, кои што можат да се склучат со меѓу матичната земја и државата која што има свое етничко малцинство во соседната држава.

**ЃУСЛИСТАНА МАРКОВСКА:** (Продолжение)

Што се однесува за правната процедура, бидејќи овде беше исто така заговарано дали постои правна можност за склучување на ваква конвенција или не, јас реков истата не претставува ништо ново, а крајната можност се гледа токму од таа рамковна Конвенција за човековите права, која ова Собрание ја усвои во минатиот состав, а која зборува за високиот степен на демократското чувство што го има Република Македонија спрема етничките малцинства, бидејќи колку што ни е познато голем број на држави кои имаат висок степен на демократија се уште ја немаат верификувано и која во својот член 18, како што впрочем и пишува во оваа информација зборува дека државите треба да вложат напор за склучување на билатерални и мултилатерални договори со другите соседни држави заради обезбедување и заштита на припадниците на националните малцинства. Тоа значи дека правна можност за склучување на една ваква конвенција, постои. Бројните декларации тоа ни го наметнуваат како ноторно право на сите малцинства кои што живеат во поедини земји. А да гледаме можност дека преку оваа конвенција ќе се скратат правата на поедини малцинства во матичната држава, апсолутно постои само една лоша тенденција кај тие што тоа го дискутираат ми се чини не и кај предлагачот, бидејќи е многу лошо извртување на тезите, па карактеролошките особини на поединa личност, без оглед на тоа, да не навлегувам, дали се точни или не, да се имплементира, да се бараат преку документот кој што ќе го нуди.

Предмет на расправа не е карактерот на ниедна личност, особено не на предлагачот. Предмет на расправа на ова Собрание е работниот текст на оваа Конвенција, ми се чини дека е добар. Реков истиот може да предложи бројни измени, тоа веројатно Владата ќе го каже, а најважното од се е ова наше Собрание. Меѓутоа, токму Собранието, а не и Владата да ја утврди потребата од склучување на еден ваков билатерален договор или конвенција, како ќе се крсти воопшто не е важно.

Поради тоа сметам дека процедуралната забелешка од страна на првиот дискутант беше во ред и дека тука не станува збор за информација, туку во заклучокот број 1 ќе треба да стои - Собранието, наместо ја усвојува Информацијата, ја утврдува потребата од склучување на билатерална конвенција меѓу Република Македонија и Република Албанија за заштита на малцинствата и воедно и препорачува на Владата во најскоро време да ги започне преговорите за склучување на истата.

Мене ми е сосема јасно дека ова нема да биде еднократен процес, дека ваквата конвенција ќе трае долго време. Меѓутоа, според мене ова е единствениот начин, бројни работи кои можат да се јават како пречка во развојот на билатералните односи со соседните држави, да не бидат пречка туку напротив преку поедини договори, склучени на време, претставуваат предност во подобрувањето на односите со сите наши соседи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на пратеничката Ѓулистана Марковска.

Реплика бара господинот Мевљан Таири.

**МЕВЈАН ТАИРИ:**

Прво, мислам дека ниеден од пратениците Албанци кои дискутираа во македонскиот Парламент досега, не застана зад некоја идеја за создавање на голема држава, така што незнам од каде се влече таа теза. Најверојатно се работи за потсвест што е присутна, дека се што ќе кажеме ние оди во тој правец. Апсолутно такво нешто не беше кажано од ниеден дискутант досега.

Понатаму, мислам дека ниеден пратеник не застана зад некое барање за ускратување на правото на Македонците во Република Албанија. Никој такво нешто не кажа. Напротив, мислам дека сите ќе поддржат една декларација во прилог на правата на Македонците во било која држава, како што беше поддршката на Декларацијата за правата на правата на Македонците во Бугарија.

Понатаму, мислам дека конвенцијата на господинот Андов не пледира за правата на Македонците во Албанија, туку уште еднаш ќе го повторам, се надевам, нашиот став, дека е за ограничување на конвенција односно спогодба за ограничување на правата на Албанците во РМ и токму затоа не ја поддржуваме.

И на крајот навистина мислам дека ние со ништо досега не сме покажале дека не се грижиме за нашата држава, за Република Македонија. Но, во овој момент, некои наши укажувања за водење на сметка за реалните потреби кои може и да се најдат во разните меѓународни документи, впрочем и во договорот кој што е склучен меѓу Унгарија и Романија, еден од моментите кој што се провлекува низ таа спогодба е да се води сметка за потребите на одредените групации кои живеат во одредената земја. Значи дека реалноста сепак е таа што ја диктираат барањата, желбите што ги истакнуваат одредени припадници на одредена етничка групација, сепак се примарни, а не желбата на некој пратеник да промовира одредени права. Никој од тука не може да им помогне на Македонците во Албанија, а никој од Албанија исто така не може со сила да не натера да истапуваме со одредени барања за уживање на одредени права, туку тоа самите ние го правиме и тоа и е познато на целата македонска јавност.

Така да, и во иднина примарно, а и во тие конвенции кои што се набројуваат, на меѓународните организации, примарна е желбата, потребите на одредена групација да ги уживаат тие права, а не декларацијата на било кој политичар од страна.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мевљан Таири за овие дополнителни објаснувања.

Има реплика госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас му благодарам на господинот Мевљан Таири и апсолутно се согласувам со се тоа што он го кажа и драго ми е што така јавно го кажува.

Јас само ќе ја искажам своја бојазност, ако некој, било кој од нас во својата глава има некои идеи за создавање на голема држава, тогаш може да биде пречка гледањето на оваа конвенција и позитивните насоки кои истата ги содржи. А во однос на еден дел од неговата дискусија, каде што тој рече дека постои иницијатива за ускратување на правата на Албанците, апсолутно не прочитав ниту во еден дел дека такво нешто нуди оваа конвенција, бидејќи ако такво нешто нудеше, прво јас ќеречев дека не е во ред и немаше да ја поддржам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за реплика се јави пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Прво, како што вие се сомневате во тоа дека едно зборуваме, а кој знае што мислиме, исто така и јас мислам дека зад оваа иницијатива односно предлог за усвојување на ваква конвенција, се криjат тие намери што ги кажав во мојот говор. Но, во прилог на тоа дека зад ваа конвенција постои намера за ограничување на правата македонското национално малцинство во Албанија односно на Албанците во Македонија, ќе треба да се земе рамковната конвенција, Европската повелба, Препораката 1201, документите на ОБСЕ, на ОН и да се види дека дефакто многу прашања кои се уредени во оваа конвенција, со овој предлог на господинот Андов се ускратуваат тие права. Ако сакате и подетално ќе ве известам за кои се работи. На пример правата за употреба на јазикот со административните власти, јавните служби, создавањето на културни институции, правата во економскиот, општествениот живот, правото на употреба

на јазикот во општествените, социјалните, здравствените установи на употребата на јазикот и се разбира правото кое произлегува од Препораката 1201 за уживање на специјалниот статус.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Напротив, јас не велам дека се скратуваат правата. Повелбата за употребата на регионалните јазици, воедно и регионалната конвенција за која што тој зборува и која ова Собрание на своја седница впрочем и ја нострифицира, го дава корпусот на човекови права кои произлегуваат за малцинствата од поедини земји, кој може да биде поголем или помал.

Оваа конвенција, напротив го бара минимумот на права што Македонците би ги уживале во соседна Албанија, меѓутоа, не го скратува правото на Албанците, повторувам во Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за реплика се јави господинот пратеник Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Не се согласувам, бидејќи сепак од самата конвенција се гледа дека ги набројува домените кои се уредуваат со оваа конвенција се избегнуваат одредени области. Ги набројав едните, еве ќе додадам уште некои. Тоа се топонимите, натписите и други работи, апсолутно не се спомнуваат во оваа Конвенција. А во такви слични конвенции каква што е оваа помеѓу Романија и Унгарија, се спомнуваат сите тие права кои се дадени во рамковната конвенција.

Така да, доколку е намерата да се уживаат во целост овие права, ќе се набројуваат во самата конвенција. Токму затоа се работи за ограничување.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Мевљан Таири.

За збор се јави пратеникот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, јас ќе се обидам по оваа Информација да дадам мислење и став така да речам на нашата пратеничка група, како ќе се изјасниме по оваа Информација.

Можеби за јавноста е добро да се образложи за што ние дискутираме денес. Денес дискутираме за една информација за потребата за склучување на Конвенција за заштита на малцинствата меѓу Република Македонија и Република Албанија. Значи Информација за потребата од склучување на ваква конвенција.

Јас ќе имам некои езитации, ќе езитираме, ќе езитираме во некои делови од суштината на оваа информација и ќе имаме една резерва за начинот на кој се дава оваа информација или деловнички или ингеренциите на Парламентот, ви за ви целокупниот систем во РМ.

Јас се плашам да не постане една пракса, од сега Собранието да ја информира Владата дека има потреба за вакви или онакви работи, божем Владата не знае дека Македонците во другите држави, соседни држави треба да ги уживаат правата според сите тие меѓународни конвенции. Значи се плашам да не настане некоја пракса, ние како Собрание сега да ја информираме Владата што таа треба да направи.

Значи, јас ја разбирам потребата да се одбранат сите тие меѓународни конвенции што се однесуваат на малцинствата за сите соседни земји, да се однесуваат и на Македонците што живеат во овие држави. Затоа во тој контекст треба да се бара и суштинскиот елемент во оваа информација.

Јас сметам, знаејќи дека, навистина има потреба од овие Конвенции за заштита на националните малцинства, не само во РМ така како што се обврзувачки кон нас, бидејќи тоа го имаме ратификувано исто така и потреба и во земјите соседи,земајќи ја предвид таа регионална соработка и пристапување кон пактот за стабилност, потребно е тие да се имплементираат и кај нашите земји соседи. Ова не е ни малку спорно. Затоа во овој контекст јас на пример би поддржал една информација, ако е во контекст на иницијатива за покренување на ваква конвенција да се направи со сите држави, што се држави блиски до Република Македонија, држави соседи. Значи, една иницијатива или една информација за покренување на конвенција со сите земји соседи, значи во рамки на иницијатива и Владата да биде подинамична во барањето на имплементирање на овие конвенции или барања на правата на македонското малцинство кое живее во соседните држави. Една таква иницијатива или информација мислам би била по суштинска и по содржајна, што се однесува до обврзувачкиот карактер, донекаде ви за ви малцинските прашања во овие држави што ги спомнав. На пример ако се пријде

кон таа информација и ако интенцијата е вакви меѓудржавни договори да се потпишуваат со сите наши земји соседи, јас исто така имам една резерва во контекст на тоа дека ние во една рака нашиот суверенитет го споделуваме меѓу нашите соседи.

Значи уживањето на правата на малцинствата во соседните држави ќе значи реципрочна мерка и другите држави соседи ќе бараат сега имплементација на меѓународните конвенции или правата на малцинствата во Македонија. Според мене ова е еден вид на распоредување на суверенитетот на Република Македонија, што се однесува до оваа тема.

Сега по оваа информација, по овој предлог и некои други предлози што се иницираат од пратеници, мислам дека е добра интенцијата пратениците да бидат подинамични во предлагање на закони, измени и дополнувања. Но јас сметам дека пратениците треба да се занимаваат со посуштински работи, што се однесува до реалните потреби на ова општество да се трансформира и да ги бараме најдобрите решенија, па и ние како пратеници, знаејќи ги потребите од електоратот нив да ги преточиме во законски норми и така да ги предложиме за да ја поттикнеме Владата да најде такви реални солуции. Но, што се однесува до тие ингеренции што Собранието како највисок законодавен дом ги има. Јас се плашам дека со вакви иницијативи Парламентот полека се пренасочува во еден механизам на кој се создава еден вид криза.

Сметам дека, земајќи го и историскиот багаж што го има Балканот, ваквите еднострани иницијативи без претходно да се истражат сите механизми што ги има дипломатијата, што ги има Министерството за надворешни работи, што ги има претседателот на државата, без да се истрошат тие механизми јас сметам дека Парламентот на крај би требало да земе една ваква иницијатива.

Сега, на пример јас еве ќе дадам еден мој предлог. Имено, прочитавме дека Уставниот суд на РМ ќе ја преоценува одлуката на Владата за правото на турското малцинство во Центар Жупа да учи на мајчин јазик. И сега јас како пратеник на таа изборна единица ќе предложам една декларација со која ќе се осуди евентуалната одлука на Уставниот суд за неуставноста на одлуката на Владата за учење на турското малцинство за учење на нивни мајчин јазик во општина Жупа. На каков механизам тогаш ќе личи Собранието.

Значи, имаме иницијативи од пратеници што задираат директно во ингеренциите што не се во нивни домен и ние наместо да се соочиме со реалностите што не опкружуваат, ние ќе бегаме од таа тема и ќе се криеме позади големите идеи за заземање на место кое на нас како Собрание, навистина не ни прилега.

Значи јас се плашам дека со вакви иницијативи од Парламентот ќе направиме еден механизам каде што со вакви иницијативи ќе биде многу опасна таа теза.

**ЗАМИР ДИКА:** (Продолжение)

Зошто ова го велам. Ние го нудиме ова затоа што треба да се бега од интенцијата правата на националните малцинства треба да се уживаат во сите земји во регионот, не само во РМ. Ова го велам многу отворено затоа што во меѓународната пракса постојат такви вредности што гарантираат респектирање на правата на малцинствата. Тоа е Европската Конвенција за заштита на националните малцинства, Европската повелба за јазиците на малцинствата и што е најважно позади тие конвенции, кога тие ќе се ратификцираат и бидејќи се обврзувачки за земјите што ги ратифицираат стојат многу вакви механизми, како што е ОБСЕ, како што е Европската унија, како што се Обединетите нации.

Значи тие се интернационални, глобални механизми што гарантираат дека правата по ратифицирање на овие конвенции ќе се заштитат. Јас сметам дека не треба да се концентрираме на конвенциите што се од обврзувачки правен карактер и да бегаме од вакви иницијативи, кои според мене повеќе се од лична природа или од тоа да го зачуваме својот идентитет. Како пратеник јас се залагав, имав иницијатива за заштита на националните малцинства кај соседите.

Мислам дека постојат доволно меѓународни гаранции зад кои стојат доволно јасни меѓународни институции кои гарантираат дека секоја од државите кои се подготвуваат да бидат дел од Европската унија, нема да можат да постапуваат со малцинствата така како што сакаат, туку треба да ги респектираат сите меѓународни договори зад кои стојат многу јаки институции, а не стои само еден пратеник или пратеничка група или едно Собрание од една држава.

Јас мислам дека ваквите решенија, ако се гледа чистотијата на намерата, сметам дека за тоа исто така можеме да го исплементираме во Пактот за стабилност,

при регионалниот приод кон асоцијативното членство.

Сметам, исто така дека по Пактот за стабилност, терминот "Западен Балкан" не е случајно направен, туку направен е токму поради овие случувања што се случуваат во Македонија или во соседството.

Сметам дека со заеднички напори со регионалниот обид за интеграција во европските структури, во тој контекст може да се најде баланс меѓу заштита на правата на националните малцинства.

Јас сметам дека ова интенција, Пактот за стабилност, исто така интенцијата на земјите на соседи за членувањето во ЕУ и кон европските асоцијации, имањето на овие меѓународни конвенции што се обврзувачки после нивната ратификација, сметам дека се доволно елементи кои гарантираат дека дотичната држава не може да прави што сака со националните малцинства и се доволен гарант за заштита на националните малцинства.

Имајќи ги во предвид сите овие аргументи сепак мислам дека Информацијата како информација вака дадена и прочитана може да биде прифатлива, но во контекст на тоа дека не создаваме како Собрание или како пратеници, посебни вредности што се однесува до заштитата на националните малцинства, сметам дека имаме доволно други механизми, било закони во РМ за надворешни работи, било за претседател на државата, било сите тие меѓународни конвенции, било Пактот за стабилност, било Конвенцијата на земјите држави кои не опкружуваат за интегрирање во ЕУ, било интенцијата да се интегрираат во НАТО, мислам дека само со прилагодувањето на нашите системи кон овие системи, сигурно дека ќе бидат сами по себе гарант за заштита на националните припадности било каде се во ова опкружување.

Затоа јас сметам дека со оваа информација, како што е дадена, значи во вид на информација нема да направиме некој суштински чекор. Со оваа информација ние нема да ги потегнеме тие механизми и да ги заштитиме тие права. Јас мислам дека има доволно механизми и сметам дека Парламентот треба да се зачува од ваков вид иницијативи и да се навратиме кон реалните проблеми со кои се соочуваат пратениците, електоратот и ние како нивни пратеници нивните барања да ги преточиме во правни норми и со тоа да дебатираме, да дискутираме за решенијата што ќе ги нудиме и кои задираат навистина кај нашиот граѓанин. Нормално интенцијата за следење на интегративните процеси кои ќе бидат гарант за зачувување на малцинските права било во РМ било кај соседите.

Затоа имајќи сега почит кон информацијата и кон г-динот пратеник што ја предлага сепак ние нема да ја поддржиме оваа информација на ваков начин дадена.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Замир Дика.

Има збор г-динот пратеник Азис Положани.

(Г-динот Љубомир Поповски бара збор).

За реплика се јави г-динот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам, меѓутоа на некој начин ме повлече дискусијата на последниот дискутант за две работи, за кои мислам дека треба да го свртам вниманието на Собранието, колегите пратеници и за кои лично јас не се согласувам.

Првата работа е каде што тој на некој начин направи споредба ваа иницијатива или на оваа информација во врска со потпишување на Конвенција меѓу Владата на Република Македонија и на Албанија. Тоа е една одлука на Уставниот суд, која што нема никаква врска. Имено тој образложи дека сега по таа логика како што почнало да работи Собранието на РМ, односно дека секој пратеник може да му падне на памет да поднесе некоја иницијатива или информација која што после ќе бара да се преточува во одлука или во некој закон, да биде нешто слично, затоа што он не потекнува од тој регион каде што Уставниот суд пред извесно време донесе една Одлука, односно ја прогласи за неуставна Одлуката на Владата за воведување на настава на турски јазик на тоа подрачје.

Мислам дека апсолутно е не прифатливо, не споредливо ова дополнување на една празнина, со кое што мислам дека во досегашната дискусија на некој начин се докажа да, потпишување на една конвенција меѓу Албанија и РМ за регулирање на прашањето од сферата на правата на луѓето. Мислам дека тоа се споредува со една донесена Одлука на Уставниот суд е неприфатливо.

Втората работа е тоа што мислам дека беше контрадикторен, во една смисла ги поттикнува иницијативите на пратениците да покренуваат прашања и од законодавната сфера, односно да доставуваат и Предлози на закони и одлуки,

а од друга страна мислам дека тоа е еден вид по малку омаловажување да се однесуваме према некои иницијативи, па и во конкретниот случај за оваа спогодба.

Мислам дека тоа не е добро, од аспект на тоа што би правеле ние во услови кога Владата, како една од носечките структури во предлагањето на законите, е инсуфициентна во тој дел, односно не ни доставува такви предлози. Па, не можеме ние со скрстени раце во Собранието да чекаме да се смилува Владата да донесе или да предложи закон од било која сфера. Ние нешто мора да работиме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на г-динот Љубомир Поповски.

За реплика се јави г-динот пратеник Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Ова е  еден вид реплика, но уште еден вид објаснување делумно на моето излагање, затоа што не било слушнато така како што јас го реков.

Токму овие наши дискусии со еден друг пратеник се елементи во кои мислам дека ова Собрание не треба да задира. Што е проблемот. Јас сметам дека ваквиот начин или Парламентот сега да се занимава со вакви информации или со вакви иницијативи, сметам дека е дискутабилно или во доменот на ингеренциите на Парламентот и во доменот на сите меѓународни движења, нашата интенција за интегрирање, конвенциите за национални права и т.н.

Јас дадов една споредба. Зошто ја дадов таа споредба. Ја дадов таа споредба за да овој аргумент со вакви иницијативи, со еден ваков механизам во кој ќе создадеме кризни иницијативи, така да ги наречам, можеби не е нај адекватен збор, Уставниот суд донесе Одлука за оценување уставноста на одлуката на Владата, за учење на едно малцинство во Република Македонија на нивен мајчин јазик. Зошто не е не споредливо со нашата декларација, која ја донесовме, исто така по одлуката на еден исто така Уставен суд по правата, исто така на едно малцинство, сега Вие ќе речете не за турското малцинство, јас ќе велам за албанското малцинство, кој е за турското малцинство, нема да се согласуваме и така ние како Собрание ќе навлегуваме во домени кои особено на Балканот, земајќи го тој историски багаж што го имаме и тие интегративни процеси нема да биде во духот на она што треба да го работиме.

И затоа јас велам дека ваквите иницијативи, иако имаат многу добра намера, сметам дека сепак, треба да се носат со други механизми, како што е дипломатијата, дипломатските канали, Министерството за внатрешни работи, интегративните процеси и почитување на тие меѓународни опции и прифатливи стандарди за заштита на националните малцинства.

Сметам дека има доволно механизми, кои треба ние да ги следиме како Собрание, а не да се занимаваме со вакви работи, иако Собранието треба да се занимава со вакви работи и интенции, сепак да не задираме во други работи, кои не се наша ингеренција. Иако овие дискусии земаат интер - етнички карактер, ние значи ќе задираме во некои теми и повторно ќе биде не ефективност за Парламентот и т.н.

Јас сметам дека ваквите иницијативи, кои се сега донесени, а јас не се ни обидов да ја омаловажувам оваа Информација, сметам дека има чисти намери, но ако се сака суштински да се заштедат правата на Македонците во соседните држави, таквите содржини имаат посуштинска содржина. Нека биде иницијатива, за заштита на сите Македонци, што живеат во соседните држави. Тогаш веќе ќе има една суштинска смисла ваквата информација, за покренување на ваква конвенција. Тоа беше смислата на мојот говор.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Бидејќи г-динот Замир дика спомна дека не гледаат ништо лошо, односно дека се чисти намерите во информацијата. Овде се поставува прашањето, какви се вашите намери, кога Вие не ја подржувате таа информација.

**ЗАМИР ДИКА:**

Јас насетив дека ќе дојде до вакви полемики и дискусии.

Јас реков дека има доволно механизми и не е иницијативата, односно грижата на еден пратеник да дава вакви иницијативи, кои сепак сметам дека не се во домен на Собранието.

Сметам дека за зачувување на националните малцинства или поточно на Македонците во соседството, мислам дека не може само со една иницијатива, за покренување на конвенција, само меѓу две држави, но ако сака да се подржи една иницијатива, јас би поддржал една иницијатива за потпишување на конвенција, за сите земји што не опкружуваат, односно за сите соседи, за зачувување на

националните малцинства. Тогаш тоа би имало еден суштински карактер и тогаш би била таквата информација прифатлива. Мене ме плаши, овој Парламент да не се претвори во еден механизам, каде што ќе се занимаваме само со вакви иницијативи, кои сметам дека не се во духот на тие интегративни процеси, што Република Македонија треба да ги следи, но ќе влеземе, уште еднаш да го откорнеме тој историски багаж, што го имаме ние, па да спориме со тие аргументи, зошто само за националните малцинства, зошто само ваква информација и многу зошто.

Затоа нема да ја подржиме оваа иницијатива од тој аспект, од аспект на интегрирањето на Република Македонија во овие нови вредности.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, на екранот веќе се појавија 14 пратеници за дискусија.

Јас мислам да работиме до 17,30 часот и да прекинеме, со тоа што, ќе продолжиме во четврток во 11,00 часот.

Затоа, ги молам пратениците, кои се надвор од салата да влезат, пред да ја прекинам седницата.

На ред е г-динот пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа пратеници, јас мислам дека нема шанса, по толку дискусии да ги повторуваме проблемите, бидејќи темата од доменот каде што сакаме сите да придонесуваме, да ја нагласиме нашата позиција по ова прашање, бидејќи сите сакаме да придонесеме, а мислам дека времето ќе каже, зошто така правиме, дали поради некои виши интереси или задни намери, тоа право го нема никој.

Мислам дека овој е трет Парламент од парламентарните избори, мислам дека лоша намера не постои. А исто така, не се согласувам со односите со соседите, дека има потреба од вакви иницијативи. Се најавуваа такви иницијативи, кои одеа на насока, на тоа адекватно и по квалитетно поставување на нештата во Република Македонија, кои би дале за резултат, една по стабилна состојба, да се занесуваме, дека некои отворени прашања, ги решаваме на еден позитивен начин, за што мислам дека тоа е во секоја демократска земја.

Во таа насока, сметам дека предлозите што доаѓаат се во насока на подобрување на статусот на Албанците во Република Македонија и заради тоа се потребни и уставни промени, а не во насока тој малцински контакт со Албанците да го продолжува и јас мислам дека многу неквалитетни решенија доаѓаат од самиот факт, што албанскиот проблем во Македонија е ставен во таканаречениот малцински контекст, кој што за мене е не доволен за решавање на сите тие проблеми со кои што ние се соочуваме. Тоа е тоа што Меѓународната заедница и албанскиот фактор да биде по секоја цена, преку политичките партии, да бидат претставувани на ниво на Влада. Мислам тоа дефакто, тоа дефакто, е еден аргумент од меѓународниот фактор Албанците се сметаат за конститутивен елемент, бидејќи, без нив Владата не може квалитетно и трезвено да работи и затоа сметам дека тоа е уште еден аргумент, да се отвори прашањето, таа меѓународна определба, би се преточила на таков начин, што би значело едно соодветно рефлектирање, на самите односи во државата.

Исто така, еден колега пратеник рече дека во самата конвенција што се предлага од г-динот Андов, тој наведува дека основ за покренување на една таква иницијатива, јас ќе се обидувам да избегнувам некои поранешни искажувања, што овде од колегите се искажаа, но сепак ќе се повикам на некои работи, што вредат да се спомнат.

Имено, г-динот Андов се повикува на една препорака од Советот на Европа од 1992 година, за која што мисли дека со таа се препорачува на земјите членки, кои имаат такви проблеми меѓусебно да ги уредуваат односите и во доменот на малцинствата, што сметам дека не е ништо спорно. Но, меѓувреме, од тоа време, па досега Советот на Европа воспостави неколку други органи и механизми, со кои што таа со посебни процедури веќе воспоставува контрола, механизам и начин на унапредување на демократските односи во секоја држава и нормално унапредување и на хармонизирање на меѓунационалните односи, посебно како важен елемент за стабилизација и за унапредување на општите демократски односи. Па, така, во склоп на советот на Европа е таканаречениот мориторинг комитетот, кој што ги следи обврските кои што новите демократи посебно, а и старите по некогаш кога имаат такви проблеми од развојот на демократијата преземаат обврски и според тоа тие се израмнуваат и се проценуваат дали една земја, доколку ги исполнува условите за статусот или таа да биде прогласена за демократска и како таква ги заслужува членството и на Советот на

Европа и на другите институции или пак таа уште во својот демократски развој има такви проблеми, кои што би требало во тек да се подобруваат.

Па, така мислам дека во моментот кога има такви механизми, кога веќе секоја земја, да речеме има сега и Македонија каде што мориторинг нормално се затвори како што вие знаете, а и тука во истата препорака стои многу јасно дека за точката 13 со македонската Влада, ќе остане дијалогот, значи ќе остане да се следи дијалогот по точка 13, каде што некаде во целина, се работи за проблеми што ги тангираат меѓунационалните односи, а веројатно и Албанија има мориторинг. И, преку таа од аспект на Советот на Европа и како механизам на сличен начин и од таа страна ќе се следат можните девијантни појави, можниот незадоволен статус на Македонија не на малцинствата во Албанија, така што мислам дека оваа проблематика и е заокружена со адекватен механизам преку Советот на Европа.

Начинот на кој што г-динот Андов предлага оваа работа да се решава, мислам дека е не адекватен и не потребен, а сосема за нашите односи и погрешен. Затоа, мислам дека веќе и не е добро, јас можам да го прашам г-динот Андов дека ако за Македонија се од витален интерес меѓунационалните односи и тие би можеле да се обезбедуваат само со една таква спогодба, би го запрашал дали тој навистина мисли дека овие односи би можеле да се гарантираат, само со една таква спогодба во вакви односи. Сметам дека тоа не е можно, затоа што и добро е што не е можно, за што и Европа изгледа и Америка, па и сите други меѓународни структури на Балканот, веќе никому не му даваат за право овие работи сами така да си ги решаваат, бидејќи очигледно дошле до едно сознание дека тие права што веројатно ги имале во едно време, па некои можеби мислат дека уште ги имаат, ги злоупотребувале, а и уште сега ги злоупотребуваат. Така, еден механизам, од аспект на Советот на Европа и од другите институции е по адекватен за решавање на таквите односи.

Потоа, се поставува прашањето, зошто тогаш кога овде и преку комисии се даде до знаење дека албанските партии сега што се во Парламентот се спротивставуваат на таквиот начин на уредување на односи, затоа што мислат дека еве и поради ова нека биде дека сме сигурни веќе постојните механизми преку разните институции се поефикасни и повеќе гарантираат на воспоставување на сите националности и малцинства, а посебно за нас Албанците во Македонија се не прифатливи, поради тоа што нас не тераат чекор назад. Јас потполно се сложувам со искажаното на г-динот Таири, кој што рече дека е тоа начин и пат можеби да се жртвуваат и правата или заокружат на понизок ранг нечии права во друга држава, за да може тоа да се направи и на албанското, кое што веќе не е малцинство во Македонија.

Затоа, се прашувам, зошто тогаш кога сите овие сознанија г-динот Андов ги има и овде Парламентот се виде дека од двете албански партии што се тука, тоа се одбива, зошто сепак се инсистира која е целта на таа декларација. Јас мислам дека, без разлика тоа може тука врз основа на математиката да се изгласа се знае дека тешко ќе оплоди со некој плод во тој правец, но целта мислам дека во дадениот момент е пред се, заладување на односите меѓу Македонија и Албанија во полза на замрзнување на некои активности што одат во афирмација на регионален план, се со цел да се спречат некои можни потпишувања на некои спогодби, кои би значеле сепак еден добар придонес за едно соседство, кое што одамна би било и би требало да се реализира.

Затоа, мислам дека тоа во секој случај ако се изгласат, би бил еден есап без анџијата, би рекол. Затоа, мислам дека овој начин на решавање на проблемите, кога веќе тука ставот на албанските партии е јасен, мислам дека е без потребен.

Од друга страна што значи пак за мене една таква иницијатива, една многу, јас овде реков на почетокот, пратениците од опозицијата и позицијата се прашуваат зошто не се поддржува. А, јас велам зошто така и жолчно се поддржува таа иницијатива од друга страна. За мене, тоа покажува дека Македонија уште боледува од тој синдром страв од отворање, која што комбинирана со стравот од внатрешно отворање, што се рефлектира преку некои непосредни влијанија и дејанија околу можноста за отворање на албански паралелки од средно, а да не зборувам и високо школство, каде што се покажува една типична затвореност на општеството, сметам со една таква тенденција на надворешна затвореност, Македонија само и докажува на меѓународната јавност, дека таа не е спремна за отворање и кон Европа.

Мислам дека и во овој правец има доста да се направи, па ако треба и ние тука да седиме и подолго и некои работи во таа насока да ги расчистиме, сепак

отвореното општество и внатре и према надвор е квалитетно да се придружи кон тоа што значи Европска заедница и други меѓународни институции. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Азис Положани.

Има збор г-ѓата пратеничка Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Би сакала најнапред да изразам извесна зачуденост што еден стандарден собраниски акт или стандардна собраниска иницијатива, стандардна во смисла на иницијатива, која што потекнува од духот и структурата на документите, меѓународните документи што ја третираат оваа проблематика. Значи, што една стандардна иницијатива внесува ваква возбуда меѓу нас. Тука бевме сведоци на драматизирање на самата мотивација на една ваква иницијатива. Бевме сведоци на патетични говори, бевме сведоци на говори кои што на една ваква точка би сакале да го исцрпат целиот корпус на меѓуетнички теми, за кои што евентуално ова Собрание може да разговара.

Очигледно е дека нешто витално е чепнато со оваа иницијатива и очигледно е дека тоа витално треба да го дискутираме, ако не денес, барем во некоја од идните собраниски дебати.

Инаку, што се однесува до самата иницијатива односно до информацијата за потреба за склучување на Конвенција за заштита на малцинствата меѓу Република Македонија и Република Албанија, сметам дека во суштина станува збор за една добронамерна иницијатива на која што треба да и се даде поддршка, од простата причина што нејзината основна интенција е, подобрувањето на меѓу соседските односи, вклучително и оној аспект за кој што ние денес зборуваме, а тоа се правата на малцинствата во респективните земји. Од таа гледна страна, јас не гледам зошто Собранието не би требало да поддржи една ваква, во суштина, навистина добронамерна иницијатива.

Сомневањето што беше изразено по однос на мотивите на иницијативата од повеќе страни, го проблематизираше прашањето на реципроцитет, за кој што се смета дека практично доведува во прашање оваа иницијатива. Мислам дека станува збор за примитивно политичко разбирање на зборот реципроцитет, бидејќи ако ги читаме меѓународните акти, а стана збор за цитирање на маса меѓународни акти, кои што го третираат тоа прашање, човековите права, вклучувајќи ги и малцинските права не се предмет на реципроцитет, туку се предмет на почитување на стандарди. Нив или ги има или ги нема.

Според тоа, на таа линија треба да се лоцира нашата дискусија денес во Собранието. Јас навистина не можам да го сфатам стравот искажан во дискусии на разни пратеници овдека дека, склучувањето на една ваква спогодба или конвенција меѓу две соседни земји може да дојде до намалување или наголемување на права на некое малцинство на некое малцинство или националност.

Меѓутоа, таа може да доведе до воспоставување на стандардите. И, за тоа сакам да зборувам кога станува збор за македонското малцинство што живее во Република Македонија. Овој документ нуди практично таква една идеја. Немавме прилика на седницата на Собраниската комисија да слушнеме навистина трогателни сведоштва од Македонците, кои што живеат во Албанија и кои што се однесуваат на социјалните, економските, политичките и културните услови во кои што тие живеат. Мислам голем дел од колегите беа присутни на таа средба, беше медиумски добро презентирана, би сакала сосема кусо, крај е на седницата, знам дека сме изморени, немаме трпение, а расправиите беа жолчни, сакам само да кажам дека Македонците што живеат во Албанија бараат нешто што е впишано во секој стандард што потекнува од меѓународните акти. Бараа, прво, право на школување во основните и средните училишта во деловите каде што постои концентрација на македонско малцинство во Албанија. Го бараа правото за достапност во медиумите или за отворање на медиуми на македонски јазик. Понатаму, укажуваа на потребата дека сега засега го немаат правото или не се политички организирани.

И, најпосле, како четврто но не и помалку важно го бараат правото во наредниот попис во Република Албанија да бидат застапени под графата Македонци.

Ете, овие четири работи што ги набројувам, навистина, спаѓаат во редот на елементарните човекови малцински права.

Значи, зборуваме за нешто што е само суштина на овие права.

Затоа, јас нема да правам споредби со она што националностите го имаат во Република Македонија, бидејќи тоа е нешто флагрантно, очигледно, јасно, познато,

пофалено од меѓународната заедница, модел или ако сакате имплементација на стандарди во највисок можен степен. Затоа, тука нема да ги правам споредбите.

Сакам да кажам, дека добро соседските односи почиваат на потребата од заемно почитување, од взаемно иницирање на соработка во сите области, кои што ги засегаат двете земји. Дека е тоа така, впрочем укажува и оваа иницијатива што кај нас е предложена, но укажува и една постара иницијатива на која што сакам да го потсетам овој ценет пратенички состав, а тоа е предлогот на претседателот Глигоров од пред неколку години во оваа смисла и во оваа насока да се направи, елаборира еден вид компаративна студија за положбата на правата, статусот на националните малцинства во соседните земји. Таквата студија беше мотивирана од потребата да се создаде објективна реална слика за оваа ситуација и потоа врз основ ана тие сознанија, врз основа на заклучоците кои што би ги дала една ваква компаративна студија, да се пристапи кон билатерална реализација на односи во сферите кој што го третираат овој предмет. Да има билатерални договори или мултилатерални во смисла на учество и во меѓународните организации. Ние сите се сеќаваме дека политичка волја кај нашите соседи, кај земјите кои што требаа да бидат предмет на вакви истраги, потраги и т.н., немаше. Сега, повторно се иницира и јас оваа иницијатива ја ставам во корпусот на една повеќе димензионална, повеќе слојна потреба од разгледување компаративно на положбата на малцинствата во овој регион, повторно се иницира можеби на преден план се става токму релацијата со оваа земја, заради потребата од некаде да се почне.

Меѓутоа принципот е принцип. Принципот е утврдување на почитувањето на стандардите секаде каде што за тоа има потреба или станува потреба. Овде, во повеќе наврати се критикуваше на извесен начин позицијата или решеноста или Одлуката на ова Собрание да расправа и по овие теми, укажувајќи на фактот дека имало поважни теми. Па, знаете како, ова Собрание не е само машина за изгласување закони. Ова Собрание како највисок претставнички дом треба да се занимава со високи политички прашања, а во високите политички прашања нема, се разбира, да одречнете дека е тоа така, тоа се човековите и малцинските права и односите со соседите. Според тоа, мислам дека е сосема легитимно, не само на оваа седница туку и на други седници ваквите прашања да бидат ставани на дневен ред на Собраниските седници.

Особено е потребно Собранието да ја има иницијативата за склучување на вакви билатерални договори или за поведување на, ако сакат, анкети, компаративни студии и т.н., од оваа област, бидејќи ќе се согласиме Владата во таа насока не прави ништо. Ниту македонската Влада, ниту македонската дипломатија досега не презеде ништо во смисла на она што е уставна обврска, а тоа е да покажат грижа за Македонците, кои што живеат во соседните земји или за Македонците кои што живеат било каде во светот.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:** (Продолжение)

Само со таквата грижа не е преземено од страна на Македонската Влада, туку напротив имаме примери каде што станува збор за став од сосема спротивна природа. Спорот околу "ОМО Илинден" во Бугарија, имаше демарш, имаше ли реакција од Македонската Влада. Тоа го направи Парламентот и мислам дека направивме добра работа и дадовме обврска на Владата која се уште не е исполнета.

Да потсетам дека некаде на почетокот од мандатот на оваа Влада еден грчки политичар дојде овде и пред камерите ни удри шамар, велејќи дека Македонците што живеат во Грција се славо Македонци, сталинисти и хомосексуалци, пред министерот за надворешни работи кој не трепна со око, не направи ни еден гест, а потоа немаше ниту демарш, немаше ниту било каква реакција. Да не зборувам за тоа што, Македонците што живеат во дијаспората, во преку океанските земји, секојдневно се јавуваат со протесни писма во списанијата, каде што апсолутно посочуваат на отсуството на желба на високи владини функционери да се сретнат со нив, тогаш кога ги прават посетите во сите тие земји. Отсуството на грижа за сопствениот народ кој живее во туѓи земји е навистина тежок пропуст, не сакам да кажам потежок збор од овој.

Имавме прилика сега кога во пријателска посета на Македонија дојде претседателот на Бугарија да го отвориме тоа прашање. Па нели тече позитивната енергија, нели се затоплуваат односите, нели се деблокирани и така натаму. Никој, апсолутно никој од македонскиот естаблишмент не му го

постави прашањето на Стојанов, кој сакаше да го сведе на правно прашање и

на Одлука на Уставен суд, кога точно е познато дека станува збор за политичка акција, апсолутно насочена против Македонците што живеат во Бугарија и против нивниот идентитет.

Во таа смисла, за да не ги броиме сите гафови на Владата, сите ние овде треба да си земеме задача да ја потсетуваме што е можно почесто со вакви и слични иницијативи, дека има должност, има мисија, ако сакате, уставна, политичка, но и национална, да се грижи за Македонците што живеат во регионот и т.н., бидејќи овој тип на грижа е не само нешто што е инакванон на надворешната политика, туку е сведено на елементите што, знаеме, читаме меѓународни акти, знаеме што ОБСЕ проповеда во Пактот на стабилност, претставуваат елемент на стабилност на земјата и на регионот.

Меѓутоа, за жал, она што исто така е точно и на што беше укажано од повеќе колеги пратеници овде е следното: ние сме највисок законодавен дом, највисок претставнички дом. Ние не сме дел од извршната власт. Ние треба да укажуваме, да препорачуваме и да даваме задачи.

Меѓутоа, реализацијата на оваа Конвенција за заштита на малцинствата меѓу Република Македонија и Република Албанија е во рацете на Владата.

Сега тука се поставуваат неколку прашања:

Прво, ние или барем јас знам, немаме официјален став на Владата, до овој момент во Собранието. Немајќи го тој официјален став, а имајќи ги, еве денес, на оваа седница предвид разликите, што се појавуваат меѓу партнерите во владината коалиција.

Второ, се прашуваме дали во рамките на таа структура може да се постигне консензус по ова прашање.

Трето, немаме никакви информации дали Владата поттикната од оваа иницијатива, бидејќи не верувам дека во тоа време немала можност да ја прочита, презела некои чекори, да го консултира албанскиот фактор.

Бидејќи немаме одговори на сите овие прашања, јас ве повикувам заеднички тоа да го побараме на крајот од исцрпувањето на дискусиите по оваа точка, бидејќи сите знаеме сме спрегнати во една навистина благородна иницијатива. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеничка Илинка Митрева.

За реплика се јави господинот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Можеби не е џентлменски да им реплицирам на двете дами, т.е. на госпоѓата Марковска и на госпоѓата Илинка Митрева.

Сосема е природно ние овде да имаме различни мислења околу прашањата кои тука ги дискутираме. Понекогаш некој може и да глуми дека има различно мислење наспроти реалноста што точно знае каква е, меѓутоа тоа е тоа. Но, никако не можам да сфатам некој да нема врска со една тема, а да дискутира тука дека се знае и дека се тоа е така и воопшто да не промени боја.

Јас би ги прашал, бидејќи првата госпоѓа по професија е лекар, а втората е, ми се чини лингвист, мислев да ги прашам бидејќи спорат со моите искажувања во однос на реципроцитетот, да ми кажат каде тие имаат читано нешто што значи реципроцитет. Барем јас на постдипломскиот, имам прочитано во нијанси што значи реципроцитет и сите тие почнуваат од граѓанскиот аспект.

Значи, се работи за државјанин на две или повеќе држави, кои даваат права на другите граѓани на нивната територија, исто како и другата држава на нивните граѓани. Значи, тука слушнав квалификација за дефиницијата реципроцитет, па ги прашувам јас јавно, можеби имаат обврска пред јавноста, ако немаат иновирано нешто ново, ако немаат откриено некоја нова дефиниција што значи реципроцитет, подобро да им кажат научно и стручно, како е тоа. Но, да се каже нешто дека има примитивна интерпретација во однос на овој поим, мислам дека повеќе зборува за тие луѓе кои тоа го кажуваат. Не е во прашање дали некој против правата на едно национално малцинство, еве конкретно за македонското национално малцинство во Албанија. И самата колешка Митрева беше, ние заедно бевме како делегација од Комисијата за надворешна политика, па многу јасно кажав дека јас ќе бев пресреќен ако тие луѓе таму имаат највисоки можни стандарди за националните малцинства.

Денес станува збор, односно се работи за малцинство кое треба да се заштити, бидејќи бројчано е мало. Тоа е

јасно. Меѓутоа, пак кажувам дека, начинот како ние пристапуваме кон овие прашања, е многу лош за имиџот и авторитетот на државата, од причина што секој си го поставува прашањето како е можно за проблемите од 21-от век, да имаме пристап со методите од 18-от век.

Значи, што е целта? Целта е на секого јасно да му е дека, се влошуваат односите со Република Албанија. Зад ова, веројатно стои Владата на Република Македонија за да го оневозможи склучувањето на Спогодбата за признавање на дипломите меѓу Универзитетите во Албанија и Република Македонија, а и да се амортизираат некои работи во однос на високото образование албански јазик. Лошо е тоа што со оваа метода ние воведуваме патеријализам. Тоа значи дека Македонците од Република Албанија ќе треба тука да дојдат да ги бараат нивните права, а Албанците од Македонија треба во Албанија да ги бараат нивните права.

Верувајте тоа може многу негативно да се рефлектира врз севкупните односи, не само меѓунационалните, туку и меѓудржавните во овој регион.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Мерсел Биљали.

За реплика се јави повторно пратеникот Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Прво, да го успокојам господинот Биљали, во овој Парламент не ни очекувам многу џентламенство, затоа што досегашната практика тоа го покажува.

Второ, да му кажам дека треба по детално и по систематично да ги читаме меѓународните акти, во кои што се содржи тоа што јас на говорница го кажав околу реципроцитетот.

Ќе ми дозволите да го изиритирам малку со тоа што, ќе му прочитам само еден дел од ставот што е содржан во Европската конвенција за човековите права.

Станува збор за членот 15 став 2 од Европската конвенција за човековите права, во врска со основните човекови права, каде се истакнува:

а) Господине Биљали, тие не трпат рестрикции;

б) Не трпат дерогација;

в) Господине Биљали, не се предмет на спогодба, на реципроцитет; и

г) Господине Биљали, тие не можат да бидат соодветно вреднувани, дури спротивно на виталните национални интереси.

Мислам дека се е кажано со овој кус цитат. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, утре е денот кога ги чевствуваме Светите браќа Кирил и Методиј.

Според тоа, со оглед на фактот што во нашиве редови седат многу просветни работници и универзитетски професори, а и ние другите пратеници имаме одредени активности по повод чевствувањето на Светите браќа, Македонски просветители и се словенски, предлагам, во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, утрешната 47-ма седница по ред, што е закажана, да се презакаже за во четврток, а продолжението на денешната седница да биде во вторник идната недела.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Го уважувам ова барање на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и ја прекинувам денешната седница.

(Седницата прекина со работа во 17,40 часот).